*Информативен дел*

# А Д В О К А Т У Р А

Број 22 • септември 2007

Издава:

Адвокатска комора на Република Македонија

Адреса на редакцијата:

ул. Даме Груев бр. 3
1000 Скопје, Република Македонија
тел./факс ++389 2 3165 409
тел./факс ++389 2 3212 452

Главен и одговорен уредник:

Татјана Нацевска,
адвокат од Скопје

Редакција:

Нанад Јаниќевиќ
Дивна Павловска
Дељо Кадиев
Шефајет Хајдари

Лектура:

Марија Иванова

Графичко обликување
на насловна страна:

Владимир Манев

Печати:

2-ри Август С- Штип

Тираж:

2000 примероци



## ТАТЈАНА НАЦЕВСКА

Адвокат од Скопје,
Главен и одговорен уредник

Адвокатската комора на Република Македонија во деновите 24 и 25 мај 2007 година, во хотел Инекс Горица, во Охрид го одржа своето 52 - ро Годишно Собрание на Адвокатската комора на РМ, и истовремено одбележа 62 години од постоењето на адвокатурата во Република Македонија.

На ова Годишно собрание присуствуваа делегации од повеќе од 20 земји и тоа: Бразил, Португалија, Шпанија, Франција, Англија, Швајцарија, Австрија, Италија, Германија, Чешка, Хрватска, Федерација Босна и Херцеговина, Република Српска, Црна Гора, Србија, Грција, Бугарија, Албанија, Турција, Азербејџан, Израел и Либан, и по прв пат на наше огромно задоволство, присуство на Претседателот на Светската унија на адвокати - УИА, г. Пауло Линс Е. Силва, кој ја истакна активната улога на Адвокатската комора на РМ во оваа институција и воопшто реномето кое АКРМ го има на меѓународен план. Како гости на 52-то Годишно собрание, покрај претставниците од Адвокатски заедници, присуствуваа и истакнати домашни гости, меѓу кои, Министерот за правда на Република Македонија г. Михајло Маневски, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, г. Дане Илиев, Претседателот на Државниот судски совет г. Бекир Исени, Заменик министерот за правда на РМ г. Сашо Василевски, претседателот на Комората на извршители г. Горан Тошевски, Заменик претседателот на Нотарската комора на РМ г-ѓа Зорица Пулејкова, и други претставници на правосудните органи, пратеници во Собранието на Република Македонија и други. Во рамките на овие денови на македонската адвокатура, претседателот на Светската унија на адвокати г. Пауло Линс Е. Силва заедно со претседателот на Управниот одбор на Адвокатска комора на РМ г. Ненад Јаниќевиќ беа примени од страна на Претседателот на Република Македонија г. Бранко Црвенковски. Истовремено беа остварени средби и со Претседателот на Уставниот суд на Република Македонија г. Махмут Јусуфи и со претседателот на Врховниот суд на РМ г. Дане Илиев.

На Работниот дел на 52-то Годишно собрание на Адвокатската комора на Република Македонија, претставниците ги усвоија Извештаите за работата на Управниот одбор на АКРМ за 2006 година, како и извештаите за работата на Надзорниот одбор, Дисциплинскиот обвинител, Дисциплинскиот суд и Жалбениот совет, и записникот од 51-то Годишно собрание на АКРМ. Истовремено беше разгледана и усвоена завршната сметка за 2006 година.

*Информативен дел*

На работниот дел од Собранието беа разгледани и усвоени новиот Кодекс за професионална етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија, како и измените и дополнувањата на Статутот на Адвокатска комора на Република Македонија, целосно услогласени со Законот за адвокатура, кои ги објавуваме во Информативниот дел.

# *ИНФОРМАТИВЕН ДЕЛ*

**52 ГОДИШНО СОБРАНИЕ**

**НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОХРИД 24-25 МАЈ 2007**






52. ГОДИШНО СОБРАНИЕ
НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОХРИД. 24-25 МАЈ 2007
INEX
HOTEL GORICA

## СООПШТЕНИЕ

Адвокатската комора на Република Македонија во деновите 24 и 25 мај 2007 година го одржа своето 52 - ро Годишно собрание. На ова Годишно собрание, во присуство на делегации од преку 20 земји и тоа: Бразил, Португалија, Шпанија, Франција, Англија, Швајцарија, Австрија, Италија, Германија, Чешка, Хрватска, Федерација Босна и Херцеговина, Република Српска, Црна Гора, Србија, Грција, Бугарија, Албанија, Турција, Азербејџан, Израел и Либан, и по прв пат присуство на претседателот на Светската унија на Адвокати - УИА, г. Пауло Линс Е. Силва кој ја истакна активната улога на АКРМ на меѓународен план. Покрај странските гости на Годишното собрание беа присутни и Министерот за правда на РМ г. Михајло Маневски, Претседателот на Врховен суд на РМ г. Дане Илиев, претседателот на Државен судски совет г. Бекир Исени, и други претставници на правосудните органи, пратеници на Собранието на РМ и други. Во рамките на овие денови на македонската адвокатура, претседателот на Светската унија на адвокати заедно со Претседателот на Управниот одбор на Адвокатска комора на РМ, беа примени од страна на Претседателот на Република Македонија г. Бранко Црвенковски, Претседателот на Врховен суд на Република Македонија г. Дане Илиев и Претседателот на Уставниот суд на Република Македонија г. Махмут Јусуфи.



На ова Собрание, едногласно беа усвоени извештаите на Управниот одбор на АКРМ за 2006 година, како и извештаите за работа на Надзорниот одбор, Дисциплинскиот обвинител, Дисциплинскиот суд и Жалбениот совет и беше разгледана и едногласно усвоена завршната сметка за 2006 година.

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
09.05.2007
02 971

# ИЗВЕШТАЈ

## За работата на Управниот Одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за извештајниот период од мај 2006 до мај 2007 година

Во периодот на оваа Извештајна година, Управниот Одбор во нов состав, (бидејќи на Изборното 51-во Годишно Гобрание делегатите ги избираа членовите на Управниот Одбор на АКРМ) успеа да ги реализира поставените цели и задачи како и да ги реализира одлуките на Управниот Одбор кои беа донесени во вистинско време и во позитивна клима на работење.

На самиот почеток на оваа година, Управниот Одбор ги постави приоритетите на своето работење каде акцентот го стави на продлабочување на соработката со домашните институции, активно учество во изготвување на новите закони како и Предлог законите и нивните измани и дополнанија од сферата на правосудството. Посебно внимание беше ставено на градење на финансиската стабилност на Адвокатската комора на Република Македонија како основа за работење и добри натамошни резултати.

Годината што измина уште еднаш потврди дека финансиски Адвокатската комора на Република Македонија се повеќе зајакнува, особено ако се земат во предвид основите со кои е започната 2007 година.

Би сакале посебен акцент за работењето на Управниот Одбор во извештајниот период од Мај 2006 до Мај 2007 година , да го прикажеме во следните сегманти:

- Градење на стабилност на АКРМ
  - финансиска
  - институционална
- Учество и изготвување на Нацрт- Законот за адвокатска маркичка и Нацрт закон за Адвокатска тарифа.
- Соработка со домашни институции
- Проекти - завршени
  - во тек
- Средби и состаноци
- Меѓународна соработка
- Семинари
- Донесување на акти на АКРМ
- Информативна дејност
- Комората како институција
  - Управен Одбор
  - Комисии и тела
  - Вкупен број на членство на АКРМ

***Градење на стабилност на АКРМ***

- ***финансиска***
- ***институционална***

Адвокатската комора на Република Македонија претставува заеднички дом на сите адвокати, членови на АКРМ, па затоа само преку него како институција, со заеднички сили можеме да ги оствариме нашите цели, заложби и права, а воедно со успех да ги решиме сите проблеми со кои се соочуваме во тековното работење.

Согласно Законот на адвокатура и Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, ние сме институција која егзистира од самофинансирање, односно од уписниот влог и од коморската членарина.

Со донесување на Законот за Адвокатура во јули 2002 година , се отвори можноста за задолжителна наплата на коморската членарина со примена на мерки согласно на Законот за Адвокатура, Статутот на АКРМ и интерните акти на АКРМ.

Праксата која беше воспоставена во 2003, 2004,2005 година, продолжи 2006 и 2007 година со испраќање на уплатници за секое тромесечие на сите адвокати во РМ за наплата на коморската членарина. Сега можеме да кажеме дека веќе кај голем број адвокати ширум државава се создава навика за плаќање на коморската членарината.

Ваквото работење вроди со резултат, така што вкупно во текот на оваа извештајна година наплатата на коморската членарина секојдневно се зголемува и е подобрена за 40 проценти.

До адвокатите кои не го подмириле својот долг постојано доставуваме опомени и започнато е со постапката за одземање на лиценци , што е една од најригорозните мерки, меѓутоа мерка без која не бевме во можност да ја создадеме навиката за плаќање на обврската согласно Законот за адвокатура и Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија.

Поучени од минатите години кога Адвокатската комора на Република Македонија, посебно Управниот Одбор се соочи со проблеми предизвикани од помали групи, во и надвор од адвокатурата поради субјективни интереси, а посебно со донесувањето на Одлуката за зголемување на висината на уписниот влог, и оваа година беше направена ревизија на работењето на Адвокатската комора на Република Македонија од страна на ревизорската куќа „Б и Љ Боро и Љупчо” д.о.о. Изготвениот ревизиски извештај го потврди законското и правилно работење на Управниот Одбор на Адвокатската комора на Република Мкедонија.

За потенцирање е следното. На почетокот на 2007 година влеговме со префрлени приходи од минатата 2006 година во висина 11.040.205,00 денари, додека пак претходната 2006 година ја започнавме со средства во висина од 7.184.294,00 денари, што е доказ за се поуспешното работење на Адвокатската комора на Република Македонија, а со тоа и на Управниот Одбор. Ова покажува дека од година во година Адвокатската комора на Република Македонија се повеќе финансиски зацврстува и е во можност да организира голем број на семинари, округли маси и советувања на теми кои се од значење за адвокатурата.

Адвокатската комора на Република Македонија и оваа година беше во можност да отпечати и дистрибуира АДВОКАТСКИ РОКОВНИЦИ ЗА 2007 година, како резултат на доброто финансиско работење можеше сама да го финансира печатењето.

Посебен акцент би сакале да ставиме на донациите и спонзорствата кои не ослободија од обврската да размислуваме за финансиските проблеми кои би ги создало Годишното Собрание, како еден веќе традиционален, но и меѓународен настан.

Инаку преку спонзорства договорени од страна на Претседателот на Управниот Одбор на АКРМ, Нанад Јаниќевиќ, на сметката на Адвокатската комора на

РМ влеани се средства од АД Пивара-Скопје, винарска визба „Тиквеш" Кавадарци, „Глобус" ДООЕЛ-Скопје, како и донација од ССВЕ.

Би сакале особено да потенцираме дека под градење на институционална стабилност на Адвокатската комора на Република Македонија, Управниот Одбор подразбира и водење на комората кон сплотување на адвокатурата , кон развој на чуството на колегијалност и колективност. Заедно ги постигнавме сите придобивки за адвокатурата, а тоа ги потврдува и Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура со кој навистина Адвокатската комора на Република Македонија се избори за своето место во државата како важен сегмент од правосудниот систем, без кој не би можела да функционира Република Македонија како правна држава, а воедно ги прифативме и европските директиви кои станаа составен дел од Законот за адвокатура.

Од големо значење е и отврањето на адвокатскиот клуб кое претставува збирно место на адвокатите се до изградбата на Адвокатскиот дом.

Во тек е постапка за прибирање на документација , по донесена Одлука на Управниот одбор за изградба на Адвокатски дом, објект кој ќе биде дом на сите адвокати во Република Македонија. Во рамките на овој адвокатски дом се предвидува компјутерски центар, библиотека, и модерни простории за сите органи и тела на Адвокатската комора на Република Македонија.

Во текот на минатата година организиравме бројни културни активности. Незаборавни беа одржаните Адвокатски вечери, а посебно за одбележување се и спортските игри оргнизирани и финансирани од Адвокатска комора на Република Македонија, кои претставуваат прв чекор во градење на една спортска традиција , чиј краен исход го гледаме преку нашето активно учество во меѓународните адвокатски спортски игри кои со години наназад се нетрпеливо очекувани од сите адвокати во светот.

Ваквиот вид на активности и во иднина ќе ги продолжиме бидејќи преку овие активности се гледа колку се цврсти врските меѓу адвокатите и како функционира големото адвокатското семејство, со што уште повеќе се продлабочи соработката и пријателството меѓу членовите на АКРМ.

### ***Учество и изготвување на Нацрт Закон за Адвокатска маркичка и Нацрт Закон за Адвокатска тарифа.***

Еден од приоритетите на Управниот Одбор за изминатиот извештаен период беше учеството на многубројни средби и изготвување на Нацрт Законот за адвокатска маркичка како една од придобивките од донесување на Законот за измнување и дополнување на Законот за адвокатура како и имплементирање на одредбите од Законот за парнична постапка во кои адвокатот е единствен полномошник во постапката.

За таа цел беа остварени средби со Управата за јавни приходи на Република Македонија и делелгација на АКРМ предводена од Претседателот на УО на АКРМ Г- дин Ненад Јаниќевиќ. На средбата со Генералниот директор на Управата за Јавни приходи Г-дин Горан Трајковски беа потенцирани причините за developers изземање на адвокатската дејност од задолжителната примена и употреба на фискалните каси, како и за воведување на адвокатската маркичка како посебен начин на наплата на услугите и обврските на адвокатите кон државата. Претседателот на УО на АКРМ Г-дин Ненад Јаниќевиќ на оваа средба посебно нагласи дека со воведувањето на адвокатската маркичка, адвокатурата ќе се дефинира како јавна функција и во

фискалниот систем, дека ќе се обезбеди контрола и ќе се помогне во сузбивањето и намалувањето на проблемите со надриписарството.

За таа цел Адвокатска комора на Република Македонија формира и посебна работна комисија за изготвување на Нацрт Закон за адвокатска маркичка. По активниот ангажман и вложен труд на оваа рабона комисија беше изготвена нацрт верзија на Законот за адвокатска маркичка, која истата беше доставена и до Управта за Јавни приходи на Република Македонија за сугестии и забелешки од нивна страна. Во очекување сме на формирање на мешана работна група составена од преставници на двете институции кои ќе работат на изготвување на Закон за адвокатска маркичка.

Законот за адвокатура освен поставување на темелите на адвокатурата како професија со определување на јавните овластувања, содржи многу новитети како осигурување од одговорност за штета, воведување на адвокатски испит, носење на тога како и адвокатската маркичка како начин за решавање на проблемот со обврската да адвокатите поседуваат фискален апарат. Сите овие новитети се многу битни за адвокатурата за нејзиниот натамошен развој како и за непречно вршење на адвокатската дејност.

За потенцирање е и успехот кој што се постигна при изготвување на Законот за медијација, каде успеавме да вметнеме адвокат да биде медијатор, што значи дека централното место го завзема адвокатурата. Полномошник во постапката ќе биде адвокат, а со тоа се отвара ново поле за работа на адвокатите.

### ***Соработка со домашни институции***

Вниманието на Управниот Одбор на Адвокатската комора на Република Македонија беше најмногу посветено на продлабочување на соработката со домашмите институции.

Продолжи соработката со Претседателот на Република Македонија Г-дин Бранко Црвенковски кој е во целост запознат со проблемите со кои секојдневно се соочуваат адвокатите, а воедно ја имаме неговата подршка во градење на успешна и квалитетна адвокатура.

Особено за одбележување е и средбата закажана за 23 мај 2007 година со Претседателот на Република Македонија Г-дин Бранко Црвенковски, со претседателот на Меѓународната унија на адвокати Г-дин Паоло Линс е Силва и Претседателот на УО на АКРМ Г-дин Ненад Јаниќевиќ што е од голама важност за Адвокатската комора на РМ.

Оваа извештајна година Управниот Одбор посебно внимание посвети на средбата со Врховниот суд на која беше разговарано за тековните проблеми на адвокатите како и за постапувањето на одредени судии во постапки кои се поведени против Адвокатската комора на РМ, против одлуки на Дисциплинските органи.

Продолжи сорботката и со Уставниот суд на Република Македонија, кој застана на страна на Адвокатската комора на Република Македонија и не поведе постапка за оценување на уставноста на член 81 и 82 од Законот за парнична постапка по поднесено барање од МЕНС ЛЕГИС ДООЕЛ. Претседателот на Управниот Одбор на АКРМ оствари средба со Претседателот на Уставниот суд на РМ , кој истакна дека присуството на адвокатите во донесувањето на новите законски проекти е гаранција за пружената грижа за основните слободи и права на граѓаните, како и заштита на демократијата во општеството.

Остварени се средби и со Министерството за правда. Делегација на АКРМ составена од претседателот на УО на АКРМ Г-дин Ненад Јаниќевиќ и членот на УО Г-

дин Никола Трајанов оствари ја средба со Г-дин Михајло Маневски , нов министер за правда. На оваа средба Министерот беше запознат со улогата на адвокатот во општеството, за новите законски решенија како и за измените и дополнувањата на Законот за адвокатура, при што од страна на министерот за правда беше истакнато дека адвокатурата претставува основен столб на демократијата во општеството. Министерот на оваа средба беше запознат и за борбата на АКРМ против иницијативата на консалтинг бирото МЕНС ЛЕГИС за измена на националната класификација на дејности, со што АКРМ најенергично се спротистави на вакви слични иницијативи кои беа поднесувани во името на Љубица Рубен. При тоа министерот беше известен дека доколку дојде до промена на националната класификација на дејности, УО на АКРМ ќе ја активира одлуката на Собранието на АКРМ за прекин на работата на адвокатите.

Овој извештаен период посебно се важни средбите со Управата за јавни приходи, особено поради обврската за воведување на фискални апарати како и со изготвувањето на Нацрт законот за адвокатска маркичка. Претседателот на УО на АКРМ на средбата со генералниот директор на УЈП Г-дин Горан Трајковски, ја нагласи улогата на адвокаткот, посебно во случаите кога е обврзан да даде правна помош по службена дилжност, да застапува бесплатно во случаите предвидени со закон, како и да врши други јавни овластувања за кои создава трошоци, а приходите не се наплатуваат што претпоставува дека примената на фискалниот систем не може адекватно да се применува во конкретниот случај. На оваа средба беше кажано дека со воведувањето на адвокатската маркичка ќе се обезбеди контрола на приходите на адвокатите, ќе помогне да се ублажи проблемот со надриписарството и ќе се зголемат приходите на државата по тој основ. На оваа средба беше договорено да се формира мешовита група, составена од преставници на АКРМ и УЈП. Вака формираната група ќе биде задолжена за изготвување на Законот за адвокатска маркичка.

Беа одржани и средби со Министерството за внатрешни работи на кои посебно се разговараше за проблемот со кој се почесто се сретнуваат адвокатите во РМ, а кој се однесува на пристапот до потребните информации. Претседателот на УО на АКРМ ја истакана важноста од брзо решавање на овој проблем, по што беше договорено да секој адвокат потпише со МВР генерален (општ) договор со кој му се дозволува генерално пристап до информациите кои му се неопходни. Врз основа на овој договор ,секој адвокат во дадена ситуација ,т.е. тогаш кога ќе има потреба од добивање на посебни информации, ќе поднесе посебно барање за добивање на информации од МВР, по што брзо, едноставно и без дополнителни процедури, истите ќе му бидат приложени.

Од значење за адвокатурата во РМ е и средбата на делегација на АКРМ со преставници од Комората на извршители. Во насока на воспоставување на односи на соработка и заедничко решавање на проблеми кои што ги засегаат адвокатите во РМ, а се однесуваат на положбата на адвокатот во извршната постапка, на средбата која беше од взаемен интерес,АКРМ побара од Комората на извршители за стриктно почитување на Законот за парнична постапка и тоа член 86 и член 19 од Законот за извршување.

Одржана е средба и со Комората на нотари како и заеднички семинар на тема „Полномошното на адвокат и адвокатската маркичка пред нотар и осврт на Законот за нотарски работи" организиран од страна на Адвокатската комора на РМ, на кој присуствуваа голем број на нотари.Овој семинар е од особено значење за идната соработка меѓу адвокатите и нотарите , а оваа соработка ја наметнува и секојдневната работа на адвокатите.

Адвокатската комора на Република Македонија меѓу останатите свои активности започна и соработка со Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

Оваа меѓусебна соработка резултираше со активно учество на наши колеги-адвокати кои на студентите на овој Универзитет им одржаа предавања од областа на адвокатурата како и примери од секојдневното работење на адвокатите. Со цел поблиску да се запознаат со адвокатската професија, 20 студенти од Универзитетот на Југоисточна Европа волонтираа две недели во канцелариите на адвокати од Скопје, Тетово и Гостивар.

Од посебна важност се и средбите со Генералниот директор на Централниот регистар. На овие средби делегација на АКРМ го запозна директорот со проблемот со кои се соочуваат адвокатите секојдневно-надриписари. Од Централниот регистар добивме и список на лица кои вршат регистрација на фирми , а кои не се надлежни за тоа. Исто така АКРМ најенергично се спротивстави на тоа да Централниот регистар врши регистрација на фирми каде комплетната документација ќе биде изготвувана од страна на Централниот регистар бесплатно. Адвокатската комора на РМ ќе преземе и соодветни мерки се со цел да се заштити предметот на работа на адвокатите.

Одржани се состаници со претседателите на поголем дел од судовите од државава, на кои е дискутирано за можностите за соработка и обезбедување на подобри услови за функционирање на адвокатурата.

Продлабочна е соработката и со Правниот факултет од Униврзитетот Св. Кирил и Методиј од Скопје, а посебно со Професорот Светомир Шкариќ кој активно беше вклучен во изготвувањето на измените и дополнувањата на Статутот и Кодексот на АКРМ со свои предлози, како и програмата за полгање на адвокатскиот испит кој стартува со примена од 23 мај 2007 година, Проф. Никола Тупанчевски, Проф. Љупчо Арнаудовски и Проф. Родна Живковска.

Во извештајниот период продолжува соработката со Граѓанската асоцијација - Битола и Националниот ромски центар од Куманово кое е всушност наследник на Здружението на граѓани ДРОМ - Куманово со кои е потпишан Меморандум за разбирање и соработка.

***Проекти - завршени***
***- во тек***

Проектот Бесплатна помош, правна култура и социјализација, го започнавме пред четити години и тој во моментов е развиен систем на канцеларии за давање на бесплатна правна помош на посебни категории на лица. Со овој проект ја разбудивме меѓународната , но и домашната јавност и институции, за единственоста на адвокатурата како професија и давател на правна помош. Отворивме осум канцеларии за бесплатана правна помош, но во план е да се отворат уште вакви канцеларии каде за тоа постојат потреби и можности како и прифатливи услови. Отварањето на канцелариите го вршиме во соработка со невладини организации од причина што со тоа се минимизираат трошоците.Лицата кои работат во отворените канцеларии се волонтери на кои им тече приправничкиот стаж во АКРМ.

Досегашните податоци говорат:

**БИТОЛА**
Со Невладината Граѓанска асоцијација Битола
Седиште: Во комплекс Стаклена зграда
Вкупно: 118
106 социјални случаи
9 хендикепирани лица
3 семејно насилство

**ДЕЛЧЕВО** и регионот
(КОЧАНИ, ПЕХЧЕВО, БЕРОВО, ВИНИЦА И МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА).
Со Невладината КХАМ
Седиште : ул. М.М. Брицо 6б
Вкупно: 21
16 социјални случаи
4 самохрани родители
1 жртва на трговија со луѓе

**КУМАНОВО**
Со Невладината ДРОМ Центар на ромска заедница
Седиште: ул. Доне Божинов бр. 11/5, кај Кружен ток
Вкупно: 71
53 социјални случаи
10 самохрани родители
8 хендикепирани лица

**ПРИЛЕП**
Основен суд Прилеп
Вкупно: 69
58 социјални случаи
8 хендикепирани лица
2 самохрани родители
1 хендикепирано лице

За канцелариите за бесплатна правна помош во Штип и Охрид се во преговори нови простории кои ќе овозможат подобри услови за функционирање на овој проект.

Адвокатската комора на Република Македонија веќе е во подготовки за отварање на две канцеларии за БПП во Скопје. За едната канцелрија на БПП адвокатската комора на Република Македонија веќе обезбеди просторија во општина Карпош, каде со градоначалникот на општината Г-дин Андреј Петров е потпишан договор за користење на просторија, а за другата канцеларија се водат преговори со општина Кисела Вода и со Црвениот Крст за добивање на просторија во Центар.

- ***Меѓународна соработка***

Континуираната соработка со меѓународните организации и асоцијации во кои членува Адвокатската комора на Република Макдонија продолжи и во овој извештаен период. Со редовни посети и заеднички средби ги продлабочивме нашите контакти со CCBE- Советот на правни друштва и адвокатски комори при Европската унија, со BCBA - Асоцијација на коморите од земјите на црноморскиот регион, со UIA-Интернационална Асоцијација на Адвокатски комори, со Европската адвокатска асоцијација како и со сите останати Европски и Светски асоцијации на адвокатски комори и на адвокати.

Од особено значење за нас секако за одбележување е официјалната комуникација која ја оствaруваме со Интернационалната Унија на адвокати. Оваа огромна асоцијација која претставува 700 000 адвокати од светот од скоро сите држави, ја признава и и се обраќа на АКРМ под нејзиното Уставно име. За тоа сведочи и официјалната легитимација која ја добивме минатата година и со која на сите

конференции на УИА каде сме во можност да присуствуваме добивме право на гласање на Генералните собранија со вредност од 7 гласа.

Адвокатската комора на Република Македонија веќе пет години е членка набљудувач на Советот на адвокатски комори и правни друштва на Европската унија, ССВЕ. Соработката продолжи и оваа година, каде делегација на АКРМ учествуваше на конференција на која беа образложени заложбите и активностите на Адвокатската комора на Република Македонија кои се во насока за активно учество при донесувањето на практични закони во согласност со ЕУ.

Претседателот на Советот на адвокатски комори и правни друштва при Европската Унија го истакна своето задоволство од активната работа на Адвокатската комора на Република Македонија. Притоа, ја истакна добрата соработка и подршката која АКРМ постојано ја има од ССВЕ, меѓу другото изразена и со тоа што веќе четири години АКРМ е ослободена од плаќањето на членарината во ССВЕ.

Сакајќи повторно да и излезе во пресрет на АКРМ, ССВЕ на чело со претседателот, ја ослободи Адвокатската комора на РМ од обврската да плати членарина за 2006 година во ССВЕ во висина од 6035 ЕУРА. Имено, од годишната членарина во ССВЕ која вкупно изнесува 6035 ЕУРА, со ослободувањето во висина од 5035 ЕУРА, АКРМ плати само 1000 ЕУРА на име членарина.

Овие средства ССВЕ ги пренаменува како подршка на АКРМ за борба и истрајност во градењето на Европска адвокатура.

Адвокатската комора на Реублика Македонија ја продолжи соработката и искуството на размена на адвокати со соседните адвокатски комори. Така УО на АКРМ ја продлабочи соработката на АЗ Скопје 2 со АЗ Ниш и со АЗ Тирана.

Во извештајниот период ја продолживме и постојаната соработка со меѓународните асоцијации кои работат на територијата на Република Македонија.

Така со ОБСЕ- Организација за безбедност и соработка на Европа се одржани повеќе средби и се договорени три проекта за заедничка соработка со Адвокатската комора на Република Македонија. Едниот проект се однесува за едукација на адвокатите за адвокатска етика со организирање на тркалезни маси и семинари, а другиот проект се однесува на Заштита на начелото на фер судење кај потешките кривични дела и третиот проект се однесува на спогодување. На овие семинари земаа учество голем број на адвокати, како дел од програмата за едукација, каде постои задолжителна обука на адвокатите кои се должни да учествуваа барем на еден семинар, советување или тркалезна маса.

Со КАРДС и понатаму имаме одлична соработка каде Адвокатската комора активно е вклучена во најразлични работилници и учествува во креирањето на судските реформи и усогласувањето на правосудството во земјите на Европската унија.

- ***Семинари***

Во извештајниот период одржани се следниве семинари, округли маси или советувања:

- 07/08.07.2006 година, Охрид, Професионалана етика на адвокатите
- 15/16.09.2006 година, Охрид , Професионалана етика на адвокатите
- 28/30.09.2006 година,Охрид, Комплексни кривични дела
- 24.11.2006 година, Скопје, Спогодување
- 06.12.2006 година, Крива Паланка,Права на детето
- 26/27.01.2007 година, Охрид, Медијацијата во Република Македонија

- 21.02.2007 година, Кичево, Механизмот за заштита на човековите права согласно Европската Конвенција за човекови права со посебен осврт на слободата на изразување, тркалезна маса
- 23/24.03.2007 година, Струмица, Закон за адвокатска маркичка и тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите
- 04.04.2007 година, Тетово, Закон за адвокатска маркичка и тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите
- 14.04.2007 година , Скопје, Полномошно на адвокат и адвокатска маркичка пред нотар-осврт на Законот за вршење на нотарски работи
- 21.04.2007 година, Кичево, Механизмот за заштита на човековите права согласно Европската конвенција за човекови права со посебен осврт на слободата на изразување
- 20.04.2007 година, Прилеп, Закон за адвокатска маркичка

За потенцирање е тоа што Адвокатската комора на Република Македонија и оваа извештајна година беше во можност самостојно да ги организира и финансира семинарите. Предноста на нашето работење е во тоа што како теми на семинарите беа разгледувани актуелни проблеми кои се во интерес за секојдневно практицирање на адвокатурата.

Дел од семинарите и тркалезни маси беа организирани во соработка со ОБСЕ како резултата на добрата соработка, Европски форум со подршка од Совет на Европа, како и со Нотарската комора се со цел да се надминат проблемите со кои се соочуваат адвокатите во секојдневната комуникација со нотарите.

Овој извештаен период посебно е значајно и вклучувањето на Адвокатските заедници во работењето на Адвокатската комора на РМ, кои преку своите претседатели на АЗ активно учествуваат во креирањето на актите на АКРМ со свои предлози и сугестии. За нивно подобро функционирање УО на АКРМ редовно издвојува средства за активностите на Адвокатските заедници.

На семинарите земаа учество окулу 600 адвокати како дел од програмата за задолжителна едукација на адвокатите кои се должни да присуствуваат на семинар, советување или тркалезна маса барем еднаш, а со свои предавања земаа учество голем број професори, судии, теоретичари и гости од странство кои дадоа придонес во градењето на адвокатурата.

- ***Донесување на акти на АКРМ***

Во активноста на Адвокатската комора на Република Македонија секако спаѓа и донесување на интерни акти кои придонесуваат за што поефикасно функционирање на Адвокатската комора на РМ како институција.

Оваа извештајна година членовите на Управниот Одбор на АКРМ како и комисиите кои работат во склопот на АКРМ имаа полни раце работа во однос на усогласување на постоечките акти на АКРМ, а и донесување на низа интерни акти со донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за адвокатура.

Така беа извршени измени и дополнувања на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија.

Посебно треба да се нагласи и работата на Комисијата за норматива која со Одлука на Управниот одбор беше задолжена да изготви и нов текст на Кодексот за професионалан етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатски приправници. При тоа оваа комисија го имаше во предвид и Деонтолошкиот Кодекс на ССВЕ , со што се запазени и европските стандарди при изготвувањето на Кодексот на

АКРМ.Во Комисијата беа вклучени и други адвокати кои сакаа да помогнат при изготвувањето на актите на АКРМ.

Од посебна важност се Правилникот за упис, бришење и привремена забрана на својството адвокат, адвокатско друштво, адвокатски стручен соработник и адвокатски приправник и привремен престанок и мирување на правото на вршење на адвокатската дејност, Правилникот за стручно усовршување на адвокатите, Правилник за полагање на адвокатски испит.

Измени и дополнувања претрпи и Правилникот за дисциплинска одговорност во кои се прецизираа дисциплинските повреди како и дисциплинските мерки и нивното извршување.

Од големо значење за адвокатурата е донесувањето на Нацрт текст на Законот за адвокатска маркичка . За таа цел Управниот одбор на АКРМ на една од своите седници донесе Одлука со кои ги задолжи членовите на Комисијата за Норматива да изготват нацрт Закон за адвокатска маркичка, кој беше разгледуван на седница и истиот беше испратен и до Управа за јавни приходи.

- ***Информативна дејност***

Издадени се досега 21 број на Адвокатура , стручно списание на АКРМ.

Издадени се вкупно 59 броја на Информатор, месечната публикација која има за цел да ги извести за сите активности превземени од органите и телата на АКРМ.

Одржни се повеќе средби со медиумите, објавени се голем број на текстови за прашање кои не засегаат нас, како и сопштенија за јавност.

И оваа година, како и претходната како резултат на доброто финансиско работење на АКРМ, беше испечатен и дистрибуиран Адвокатски роковник за 2007 година, по еден бесплатен примерок на секој адвокат во Република Македонија. Се надеваме дека ова ќе стане наша традиција да и во иднина одвоиме средства за обозбедување на Роковник.

- ***Комората како институција***
  - ***- Управен Одбор***
  - ***- Комисии и тела***
  - ***- Вкупен број на членство на АКРМ***

Управниот Одбор на Адвокатската комора на Република Македонија во периодот мај 2006 до мај 2007 година има одржано 10 седници, на кои се донесени 117 Одлуки, 9 Заклучоци, 4 Става, 1 мислење и Нацрт текст на Законот за адвокатска маркичка, Изменување и дополнување на Статутот на АКРМ, Изменување и дополнување на Правилник за Дисциплинска одговорност, Кодекс за професионална етика на адвокатскатите, адвокатските стручни соработници и адвокатски приправници, Нацрт текст за Адвокатската тарифа, Правилник за упис и бришење во адвокатскиот Именик, Правилник за стручно оспособување на адвокатите, Правилник за полагање на адвокатски испит со наставна програма.

Од сите донесени Одлуки и заклучоци на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија реализација имаме во 95%, а
за останатите 5 % постапките се во тек , бидејќи станува збор за одлуки чија реализација опфаќа период од една или повеќе години.

Оваа извештајана година Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија избра нови членови на комисиите кои интензиво работат по налог на Управниот Одбор. Во склоп на УО на АКРМ работат 12 комисии кои покажаа

навистина добри резултати и успешо завршен извештаен период, а беа избрани и нови членови и на Советот на Адвокатската комора на Република Македонија. Како резултат на зголемениот обем на работа Управниот одбор на АКРМ со своја одлука формира уште една комисија и тоа Комисија за прием на поплаки и информации во врска со донесени одлуки на судови и постапување по истите.

Со Измените и дополнувањата на законот за Адвокатура , како и полагањето на адвокатскио испит, Управниот одбор со своја одлука формираше и Комисија за одлучување по приговор за полагање на адвокатски испит. Формирана е и комисија за полагање на адвокатски испит составена од пет члена и нивни заменици. Адвокатскиот испит се состои од пет предмети и тоа Адвокатско право на Македонија, Споредбено адвокатско право, Адвокатска етика, Адвокатското право пред Европските судови и Адвокатска реторика.

Се формира и Морален комитет кој дава свое мислење за прием и упис на нови кандидати за адвокати.

За редовно и нормално работење на овие комисии, како и одржување на седници и состаноци на органите и телата на АКРМ и тоа Надзорниот одбор , Дисциплинскиот обвинител, Дисциплинскиот суд, Жалбен Совет и Советот на Управниот одбор на АКРМ, Управниот одбор на АКРМ одвојуваше финансиски средства. Воедно Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија расправаше по бројни Предлог Одлуки од Комисиите и на голем дел од нив им даде правна сила за натамошно постапување.

Управниот Одбор на Адвокатската комора на Република Македонија може да се каже дека ја доби најважната битка во моментов со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура. Сите успеси досега, кои ќе останат како историски запаметени во вршењето на адвокатската професија, се финализираат оваа извештајна година.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура кој ги зацврсти темелите на адвокатурата во РМ и ја истакна важноста на адвокатите како движечки фактор , не само во правосудниот систем, туку воопшто во државата, Адвокатската комора на Република Македонија го доби своето место во državава. Во таа насока, за одбележување е борбата на Управниот Одбор на АКРМ што ја водеше околу изготвување на Законот за адвокатска маркичка , со што ќе се ослободат адвокатите од обврската да поседуваат фискални апарати.

Но, не треба да се заборави дека и во текот на овој извештаен период , а особено откако беше донесен Законот за парнична постапка, притисоците за измена на новата Национална Класификација на дејности не попуштаат. Веројатно личните интерси на поединци и групи на кои им се скрти правото да се појавуваат како надриписари и слободно да даваат правна помош и тоа преку јасно определување на поимот полномошник во постапката, сега се сведоа на можноста која евентуално би се предвидела во националната класификација. Имено доклоку постои општа шифра на дејност во која се опфатени сите правни работи, тогаш постои можност без никакви ограничувања да се основаат друштва кои во својата регистрација ќе имаат законска основа за натаму една или главана дејност да им биде и правни работи. Тоа практично ќе значи легализација на надриписарството од една страна и паралелизам на адвокатурата како професија од друга страна.

Но, со донесувањето на новата Национална Класификација на 12.01.2006 година, се заврши неколкугодишната бодба на Адвокатската комора на РМ со тоа што беше прифатен предлогот на АКРМ во целост .

Затоа беа одржани средби и со новиот Министер за Правда Г-дин Михајло Маневски на кој јасно му беше дадено до знаење дека доколку се измени новата

Национална класификација на дејности и се попушти под притисоците и барањата на одредени консалтинг бироа, тогаш Адвокатска комора на Република Македонија ќе ја активира одлуката на Управниот Одбор на АКРМ за прекин на работата на адвокатите.

Во моментов Адвокатската комора на Република Македонија има вкупно 1700 активни адвокати. Ново запишани во изминатиот извештаен период има 177. На 22 адвокати поради именување на јавна функција им мирува адвокатската дејност, а 53 адвокати се имаат избришано од Именикот на адвокати на АКРМ.

Изнесувајќи ги глобалните активности на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија се оценува дека Извештајот е отворен за сите сугестии и насоки кои ќе придонесат кон подобрување на работата на Управниот одбор на АКРМ и Адвокатската асоцијација во целина. Ова посебно на планот на надминување на сите заостанати нерешени прашања од минатото со цел за зацврстување на местот и улогата на адвокатурата во правниот систем на Република Македонија.

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВЕН ОДБОР**



# ЗАПИСНИК
# ОД ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Седницата е одржана во просториите на Адвокатската комора на Република Македонија на ден 14.02.2007 со почеток во 14.00 часот.

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА
15.02.2007
05 253

Присутни членови:

1. Наим А. Цами, Претседател
2. Наташа Станојевска, член
3. Спасе Стефановски, член

Останати присутни:

1. Билјана Тошева, секретар на АКРМ

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

### ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на Завршната сметка на АКРМ за 2006 година.

Членовите на Надзорниот Одбор беа подробно запознати по сите ставки на Годишната Сметка од страна на Билјана Тошева, секретар на АКРМ.

Во работата на седницата зедоа учество сите присутни членови на Надзорниот Одбор и по опстојното разгледување на годишната сметка, прегледот на приходи и расходи и пописните листи, одејќи ставка по ставка, посебно беа разгледани ставките а) расходи за функцијата на комората б) авторски хонорари и договори за дело и в) бруто плати на вработените во АКРМ.

Надзорниот Одбор разгледувајќи ја целокупната документација го констатира следното

| | |
|---|---|
| Вкупни приходи остварени во 2006 | 24.278.799 |
| Расходи од работењето во 2006г. | 13.238.594 |
| Остварен вишок на приходи | 11.040.205 |

Вишокот на приходи е распореден за работење во наредната година.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

| | |
|---|---|
| **Актива** | |
| Основни средства | 1.264.262 |
| Жиро сметка на 31.12.2005 | 11.284.162,50 |
| Благајна на 31.12.2005 | 43.696 |
| Побарувања од вработени | 22.650 |
| Аванси | 17.368,50 |
| Активни временски разграничувања | 1.756 |
| **Вкупно актива** | **12.633.895** |
| **Пасива** | |
| Деловен фонд | 1.312.590 |
| Обврски спрема добавувачи | 273.757 |
| Фонд за други намени | 1.680 |
| Обврски за даноци | 5.663 |
| Вишок за пренос за работа во наредна година | 11.040.205 |
| **Вкупно пасива** | **12.633.895** |

Надзорниот Одбор едногласно одлучи да го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1. Се прифаќа прегледот од Годишна сметка на Адвокатската комора на Република Македонија за периодот од 01.01.2006 до 31.12.2006 година.

Седницата заврши во 16.30 часот.

Записничар,

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Наим А. Цами, Претседател**

**Наташа Станојевска, Член**

**Спасе Стефановски, Член**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
07 · 05 · 2007
02 943

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИСЦИПЛИНСКИ ОБВИНИТЕЛ

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ДИСЦИПЛИНСКИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈУНИ 2006 – АПРИЛ 2007 ГОДИНА

**СКОПЈЕ - АПРИЛ 2007 ГОДИНА**

**Дисциплинкиот обвинител на Адвокатската Комора на Република Македонија на Собранието на АКРМ му дава извештај за својата работа во периодот Јуни 2006 година заклучно со 31.04.2007 година.**

**ВКУПЕН БРОЈ НА ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ**

Во периодот од 01.06.2006 година до 30.04.2007 година Дисциплинскиот обвинител примил во работа 150 пријави против исто толкав број на двокати.

Во периодот од 01.01.2007 година заклучно до 30.04.2007 година Дисциплинскиот обвинител при АКРМ примил во работа 89 пријави против 89 адвокати во најголем број од Скопје.

Споредено со претходните години ( 2005 и 2006 година) евидентно е зголемен бројот на поднесени пријави и пријавени адвокати.

Евидентно е дека во овој временски период се поднесени и две пријави против адвокатски стручни соработници, за разлика од претходните години кога немаше вакви пријави.

СТРУКТУРА НА ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА ПРИЈАВИ

Најголем број на пријави вкупно 111 се поднесени од страна на физички лица,7 пријави поднеле судии во Основните судови,16 пријави поднеле претпријатија или здруженија,по една пријава имаат поднесено Апелациски суд,Министерството за правда,Народниот правобранител на Р.М.Министерството за внатрешни работи,Влада на Р.М. и Јавното обвинителство на РМ.

Адвокати поднеле 6 пријави, а 3 предмети се покренати по лично сознание на Дисциплинскиот обвинител.

Подносителите на пријавите најчесто во своите писмени поднесоци ги насловуваат како: пријава, поплака, жалба, известување, барање и слично но од пресудно значење за постапување по овие пријави беше фактот дали со поднесените пријави се наведени точни податоци за лицата кои ги поднеле како и точни податоци за пријавениот адвокат и секако дали со пријавата се приложени и докази врз основа на кои се дава сомнение за покренување на постапка против адвокат или стручен соработник, за сторена дисциплинска повреда.

По непотпишани или анонимни пријави дисциплинскиот обвинител не постапуваше од причина што во такви случаи нема странка со која може да се соработува, и ваквите пријави не се поткрепени со никакви докази.

СОДРЖИНА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРИЈАВИ

Дисциплинскиот обвинител постапуваше според важечкиот Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинската постапка на адвокатите,адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници кој во текот на 2007 година беше дополнет и изменет, а според кој сите започнати постапки ќе се решаваат според новиот Правилник за дисциплинска одговорност.

Имајќи ги во предвид дисциплинските повреди предвидени како во стариот така и во новиот Правилник за диспиплинска одговорност произлегува дека најголем број на пријави се поднесени за сторени повреди од страна на адвокати за:

- Превземање дејствија кои предизвикуваат штета на властодавецот,
- Прекумерно наплатиле од клиенти спротивно на тарифата или договорената награда или трошоци,
- По писмено барање не ги враќаат списите на странката кои им се доверени и покрај тоа што странката ги платила трошоците и наградата.
- Непостапување по овластување или непревземање на дејствија што адвокатот е должен да ги превземе за заштита на правата на странката ако се сторени со:
- 1. Непревземање на дејствие кои адвокатот е должен да ги превземе и
- 2. Постапување на адвокатот спротивно од овластувањата кои ги добил од властодавецот.
- Поради соработка со надриписари или лица кои нелегално даваат правна помош,
- Поради непочитување на одлуките на органите на АКРМ.

## ОБЕМ НА РАБОТА НА ДИСЦИПЛИНСКИОТ ОБВИНИТЕЛ

Дисциплинскиот обвинител во извештајниот период вкупно во работа имаше 150 предмети во работа од кои 61 наследен предмет од претходниот период 2005 – Јуни 2006 година.Во периодот од 01.01.2007 година заклучно до 30.04.2007 година се поднесени 89 пријави и се очекува овој број да се зголемува со оглед на фактот што секојдневно пристигаат нови пријави во АКРМ.

Дисциплинскиот обвинител и Замениците дисциплински обвинители кои се самостојни во своето работење по предмети учествуваше на сите седници закажани од страна на Дисциплинскиот суд и седниците на Жалбениот совет при АКРМ на кои сум бил повикан.

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКИОТ ОБВИНИТЕЛ

Постапувајќи по поднесените пријави дисциплинскиот обвинител по проучување на наводите во истата и податоците за пријавените адвокати во најголем број на случаи ги отфрли поднесените пријави од причина што дел од нив се анонимни,без никакви докази приложени кон пријавата или по барање на дисциплинскиот обвинител не се доставени, или пак поради тоа што повредите кои се наведени во пријавата не претставуваат повреда на дисциплинската одговорност согласно Правилникот за дисциплинска одоговорност.

Поднесени се 14 дисциплински обвиненија од кои 10 се завршени со одлука за утврдена дисциплинска повреда од страна на Дисциплинскиот суд, 2 дисциплински обвиненија се повлечени, а две дисциплински обвиненија се во постапка пред Дисциплинскиот суд.

30.04.2007 година
С к о п ј е

ДИСЦИПЛИНСКИ ОБВИНИТЕЛ НА АКРМ
Адвокат НИКОЛА ПЕТРОВ

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
27.04.2007
02 897

Врз основа на член 19 од Статутот на Адвокатска комора на Република Македонија, Дисциплинскиот суд на АКРМ до Собранието на АКРМ го доставува на усвојување следниот

# ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Дисциплинскиот суд на АКРМ за периодот од мај 2006 до 30 април 2007 година

Во периодот помеѓу двете годишни собранија на Адвокатската комора на Република Македонија, Мај 2006 до Мај 2007 година, до Дисциплинскиот суд на АКРМ, поднесени се иврз основа на нив оформени се 14 предмети по дисциплински обвиненија против 15 наши колеги адвокати, за сторени дисциплински повреди предвидени во Правилникот за дисциплинска одговорност.

Дисциплинскиот суд на АКРМ, во состав адвокат Ѓорѓе Матевски - претседател и адвокатите Нане Зуица и Весна Алачка Буровска- членови на Дисциплинскиот суд, започна и спроведе постапка по дванаесет дисциплински обвиненија, според одредбите на Правилникот за дисциплинска одговорност.
Во извештајниот период, во првостепена постапка завршени се девет предмети.

Имајќи ја предвид одредбата од член 45 став 5 од Правилникот за дисциплинска одговорност за објавување на конечните одлуки за изречените дисциплински мерки во информативното гласило на АКРМ и Службен весник на РМ, Дисциплинскиот суд во овој извештај го запознава Собранието на АКРМ за кои повреди од Правилникот за Дисциплинска одговорност се водени постапки и кои мерки се изречени со цел да се заштити угледот на адвокатската професија, совесно да се врши адвокатската дејност, да се заштитат граѓаните од евентуални злоупотреби и да се оствари правна сигурност и владеење на правото.

1. За сторени и утврдени три потешки дисциплински повреди од член 31 став 1 точка 4, алинеја 10, алинеја 12 и 15 од Правилникот, заради соработка на лица кои нелегално даваат правна помош или се јавуваат како основачи на правни лица кои нелегално даваат правна помош, заради непостапување по одлуки на Собранието или Управен Одбор на АКРМ како и поради и непријавување на лица кои неовластено даваат правна помош, до органите на АКРМ, на обвинет адвокат изречена е дисциплинска мерка - привремен престанок на адвокатската дејност во траење од една година.

1-1. За истите дисциплински повреди наведени во точка 1 а поради немање докази обвинет адвокат е ослободен од обвинението. Ослободителната одлука е донесена во ист предмет сообвинет од точка 1.

2. За сторена и утврдена дисциплинска повреда по член 31 став 1 точка 1 алинеја 2 од Правилникот, заради неизвршување или очигледно несовесно вршење на работи на правна помош и јавно овластување кога во иста правна работа дава правна помош или врши јавни овластувања и за спротивната страна, на обвинет адвокат му е изречена парична казна во висина од 50.000,00 денари.

3. За сторена и утврдена потешка дисциплинска повреда од член 31 став 1 точка 2 алинеја 3 од Правилникот, заради превзмање дејствија кои предизвикуваат штета за властодателот, на обвинет адвокат изречена е парична казна во висина од 50.000,00 денари.

4. Донесена е ослободителна одлука за обвинет адвокат за дисциплинска повреда од член 13 ст. 1 точка 3, од Правилникот што се однесува за невраќање на списите кои му се доверени од властодателот по писмено барање.

5. За исто дисциплинско обвинение како под точка 5 по повлекување на обвинението донесена е одлука за запирање на постапката.

6. За исто дисциплинско обвинение од член 13 став 1 точка 3 од Правилникот за дисциплинска одговорност откако се утврди дека по подигање на обвинението од страна на обвинетиот адвокат се вратени списите од предмет кој му се доверени и се вратени парите кои му биле исплатени и откако пријавителите ја повлекоа пријавата, повлечено е обвинението и запрена е постапката.

7. За сторена и утврдена дисциплинска повреда од член 12, точка 2, алинеја 1 од Правилникот, заради непревземање на дејствија кои бил должен да ги превземе, како и постапување спротивно на овластувањето кое го добил од клиентот, при што со непревземање на истите е предизвикана штета на властодателот, на обвинет адвокат изречена е парична казна во висина од 5.000,00 денари.

8. За исто такво дисциплинско обвинение, сторена и утврдена дисциплинска повреда на обвинет адвокат му е изречена парична казна, во висина од 15.000,00 денари.

9. За сторена и утврдена потешка дисциплинска повреда од член 31 став 1 точка 2 алинеја 3 од Правилникот, заради непостапување по овластувања или непревземање на дејствија што адвокат е должен да ги превземе за заштита на правата на странката ако е сторено со превземање на дејствија кои предизвикуваат штета на властодавателот, на обвинет адвокат му е изречена парична казна во висина од 50.000,00 денари.

За пет дисциплински обвиненија сеуште е во тек постапката од кои за два предмети се чека доставување одговор на дисциплинско обвинение од обвинетите адвокати за да се закаже седница на Дисциплинскиот Суд.

Скопје,
27.04.2007 година

**ДИСЦИПЛИНСКИ СУД ПРИ АКРМ**
Претседател
адв. Ѓорѓе Матевски



АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
24.04.2007
02 180

Врз основа на чл. 19 од Статутот на АКРМ, Жалбениот Совет на АКРМ до Собранието на АКРМ го доставува на усвојување следниот:

# ИЗВЕШТАЈ

## за работа на Жалбениот совет на АКРМ за периодот од 1 јуни 2006 до 30 април 2007 година

Согласно чл.19 став 1 алинеја 7 од Статутот на АКРМ собранието го разгледува и усвојува Извештајот за работа на органите на АКРМ меѓу кои и извештајот за работа на Жалбениот Совет на АКРМ.

Поради тоа Жалбениот совет во овој извештај го известува собранието за своите активности превземени во текот на извештајниот период .

Жалбениот Совет во извештајниот период постапи во два предмети.

1. На седница на Жалбен Совет одржана на ден 07.11.2006 година постапувано и одлучувано е по жалбата на адвокат Томе Ивчески од Скопје, поднесена против одлуката на Дисциплинскиот суд при АКРМ ДС. бр. 30/06 од 13.07.2006 година. Со обжалената одлука обвинетиот беше огласен за виновен за сторена потешка дисциплинска повреда: неизвршување или очигледно несовесно вршење на работи на правна помош и јавно овластување кога во иста правна работа дава правна помош или врши јавни овластувања и за спротивната странка , а согласно чл. 31 ст.1 точка 1 алинеја 2 од Правилникот за дисциплинска одговорност, и му е изречена дисциплинска мерка- парична казна во висина од 50.000,00 денари.

Жалбениот Совет донесе решение ЖС.бр. 09/06 со кое жалбата на обвинетиот Томе Ивчески се одбива како неоснована во целост и одлуката на Дисциплинскиот суд се потврдува.

Против одлуката на Жалбениот Совет обвинатиот поднесе тужба до Врховниот суд на РМ кој е заведен по број У.бр. 127/07 од 17.01.2007 година. Жалбениот Совет на ден 02.02.2007 година одржа седница на која што по разгледувањето на тужбата и списите на предметот, во законскиот рок од 10 дена достави одговор на тужбата во која предлага Врховниот суд на РМ да донесе одлука со која ќе го одбие тужбеното барање на тужителот во целост.

2. На седница на Жалбен Совет одржана на ден 15.12.2006 година постапувано и одлучувано е по жалбата на адвокат Данче Чакаровска Гроздановска од Скопје, поднесена против одлуката на Дисциплинскиот суд при АКРМ ДС.бр. 28//06 од 15.07.2006 година. Со обжалената одлука обвинетата беше огласен за виновна за сторени потешки дисциплински повреди од член 31 став 1 точка 4, алинеја 10, алинеја

12 и 15 од Правилникот за дисиплинска повреда на АКРМ , заради соработка со лица кои нелегално даваат правна помош или се јавуваат како основачи на правни лица кои нелегално даваат правна помош, заради непостапување по одлуки на Собранието или Управниот одбор на АКРМ, како и поради непријавување на лица кои неовластено пружаат правна помош, на органите на АКРМ, и и е изречена дисциплинска мерка - привремен престанок на адвокатската дејност во траење од една година.

Жалбениот Совет донесе решение ЖС.бр. 10/06 со кое жалбата на обвинетата Данче Чакаровска Гроздановска од Скопје се одбива како неоснована во целост и одлуката на Дисциплинскиот суд се потврдува.

Против одлуката на Жалбениот Совет обвинатата поднесе тужба до Врховниот суд на РМ која е заведен по број У.бр. 66/07 од 11.01.2007 година. Жалбениот Совет на ден 25.01.2007 година одржа седница на која по разгледувањето на тужбата и списите на предметот, во законскиот рок од 10 дена достави одговор на тужбата во која предлага Врховниот суд на РМ да донесе одлука со која ќе го одбие тужбеното барање на тужителот во целост. Врховиот суд на РМ донесе Пресуда У.бр.66/07 од 07.03.2007 година со која одлуката на ЖС бр,10/06 од 15.12.2006 година се поништува. ЖС пристапи кон повторно одлучување по жалбата. Донесен е Заклучок со кој, согласно напатствијата на Врховниот суд на РМ, Дисциплинскиот обвинител се задолжува да изврши прецизирање на дисциплинското обвинение согласно новиот Правилник за дисциплинска одговорност, кој е донесен по донесување на првостепената одлука, а се применува на сите предмети кои не се правосилно завршени.

Жалбениот совет констатира дека за тековниот период, постапил по сите предмети кои ги примил за работа. Нерешени предмети нема.

Жалбениот совет во најкус рок постапи по доставените предмети за одлучување за периодот од 1 јуни 2006 до 30 април 2007 година.

Со почит

Скопје 30.04.2007 година

Претседател на Жалбен Совет
адв Билјана Јандриоска

# АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**за годината завршена на 31 декември 2006, со извештај на овластените ревизори**

**Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. - Скопје**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Примено: 26 · 04 · 2007
05 | 892

**Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. - Скопје** | Ревизија, Проценка и Финансиски Консалтинг | Дрезденска бр 52 91000 Скопје Македонија | Тел: + 389 (91) 3066-604 Факс:+ 389 (91) 3061-185

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

**До Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Македонија**

1. На Ваше барање извршивме ревизија на приложениот биланс на состојба на АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, со состојба на ден 31 декември 2006 година и на биланс на успех за периодот од 1 јануари 2006 до 31 декември 2006 година.

Овие финансиски извештаи, прикажани на страните 5 и 6, претставуваат одговорност на раководството на АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиските извештаи засновани на нашата ревизија.

2. Ние ја водевме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и законските прописи во Република Македонија. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумна сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки во прикажувањето на поделни позиции.

Ревизијата вклучува испитување, засновано на тестови, на докази со кои се поткрепуваат износите и прикажувањата во финансиските извештаи. Ревизијата, исто така, вклучува проценување на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и оценка на севкупното прикажување на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мислење.

3. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно финансиската состојба на АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за годината што завршува на ден 31 декември 2006 година и резултаттите од нејзиното работење за годината завршена на тој датум во согласност со законските прописи и прифатените сметковдствени стандарди во Република Македонија.

Скопје, 25 април 2007 година

Овластен ревизор

Борислав Атанасовски

Ревизија, проценка и финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БИЛАНС НА УСПЕХ

| **во илјади денари** | Белешки | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 4 | 14.641 | 13.013 |
| Останати оперативни приходи | 5 | 2.453 | 552 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | | 7.184 | 5.551 |
| Употребени суровини и помошни матер. | 6 | -448 | -403 |
| Плати | | -1.825 | -1.689 |
| Останати оперативни расходи | 7 | -10.965 | -9.839 |
| **Добивка од редовно работење** | | 11.040 | 7.185 |
| Финансиски приход | | - | - |
| **Добивка пред оданочување** | | 11.040 | 7.185 |
| Данок од добивка | | - | - |
| **Нето добивка** | | 11.040 | 7.185 |

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| во илјади денари | Белешки | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Долгорочни средства | 8 | 1.264 | 1.284 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | 1.264 | 1.284 |
| Парични средства и хартии од вредност | 9 | 11.328 | 7.549 |
| Останати краткорочни побарувања | | 42 | 57 |
| **Вкупно тековни средства** | | 11.370 | 7.606 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 12.634 | 8.890 |
| **ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 10 | 274 | 355 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 6 | 17 |
| Дел од вишокот на приходи за пренос во наредната година | 11 | 11.040 | 7.184 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 11.320 | 7.556 |
| Деловен фонд | | 1.314 | 1.334 |
| **Траен капитал** | | 1.314 | 1:334 |
| **ВКУПНА ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | | 12.634 | 8.890 |

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА АКРМ

Член 1

Се менува член 6 од Статутот на АКРМ и гласи:
Седиштето на Комората е во Скопје, на ул. Даме Груев  бр.3 влез 5 локал 8.

Член 2

Во членот 7 од Статуот се додава нов став 4 кој гласи:

Логото на АКРМ е со форма на штит  на кој во горниот дел е испишано Адвокатска Комора, под кој текст е впишана бројката 1945, а во долниот дел Република Македонија. Во средиштето на позадина со стилизирано знаме на Република Македонија во горниот лев дел има клуч, во горниот делесен дел отворена книга, а во долниот дел средишно се наоѓаат две раце во поздрав.

Член 3

Во членот 12 став 4 од Статутот  зборот две се заменува со зборот четири.

Член 4

Во членот 23 од Статутот се додава нов став 1 кој галси :

Управниот одбор ,како извршен орган на Собранието,ги извршува одлуките на Собранието и ја спроведува неговата политика.

Досегашниот став 1 од членот 23 станува став 2 на истиот член.

Во ставот 2 на члнот 23 се додава нова алинеа број 26 која гласи :

- Донесува Правилник за упис и бришење во Имениците на АКРМ,

Алинеата 26 на членот 23 станува алинеа 27.

Член 5

Во членот 51 од Статутот се додава нов став 2 кој гласи :

Не се смета за рекламирање истакнувањето ан податоци на адвокатот или адвокатското друштво на нивната лична WEB страна на интернет, под услови определени во Правилникот за дисциплинска одговорност.

Член 6

Се менува член 70 од Статуотот и гласи :

Лиценцата за работа на адвокатот се одзема во следните случаи :

- Врз основа на конечна Одлука на дисциплинскиот суд на АКРМ, во постапка и услови определени со Правилникот за дисциплинска одговорност
- Врз основа на конечна Одлука на Комисијата за прием,упис и бришење од Имениците и издавање и одземање на лиценца, во постапка и услови определени со Правилник
- Врз основа на правосилна судска или конечна управна одлука

Член 7

Во членот од Статутот 73 се менува бројот 71 со бројот 70.

Член 8

Во членот 74 став 1 од Статутот зборовите на Комисијата за прием се заменуваат со зборовите од член 73

Во членот 74 од Статутот, по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи :

Против Решението на Комисијата за престанок на вршење на адвокатската дејност донесено во постапка на извршување на конечи одлуки на други органи на комората или конечна одлука во управна постапка на надлежни државни органи или правосилна судкса одлука не е допуштена жалба.

Ставот 2 на членот 74 станува став 3.

Член 9

Во главата ВИ по членот 76 се додава нов оддел 4 со назив Осигурување од одговорност.

По член 76 се додава нов член 76-а кој гласи:

(1) Адвокатот е должен да се осигура од одговорност за штета која би ја сторил на трети лица со намера при вршење на адвокатската дејност. Договорот за осигурување од одговорност на адвокатите-членови на адвокатското друштво и за адвокатите кои работат во тоа друштво,го склучува друштвото.

(2) Со условите за осигурување може да се предвиди дека штетата до одреден износ ја надоместува адвокатот лично.

(3) Ако дојде до измена на условите за осигурување, адвокатот е должен,откако ќе прими известување од Комората за тоа,без одложување да го усогласи своето осигурување со изменетите услови.

(4) Адвокатот е должен уредно да го продолжува осигурувањето од одговорност

(5) Комората може да го превземе осигурувањето од одговорност на сите адвокати во Република Македонија.Во тој случај адвокатите се должни на Комората да и плаќаат надоместок за осигурување од одговорност

(6) Повредата на обврската за осигурување од одговорност ,односно плаќањето на надоместок на Комората за осигурувањето е тешка повреда на адвокатската должност

(7) Осигурувателите се должни да го склучат договорот за осигурување од одговорност од адвокатот кој ќе им се обрати или со Комората

(8) Условите за осигурување заеднички ги утврдуваат осигурителните друштва во Република Македонија во договор со Комората,освен во случај кога Комората го врши осигурувањето на адвокатите.Осигурителните друштва се должни за секоја следна година да определат осигурително друштво кое ќе ги застапува.Ако истите не постапат така најдоцна до крајот на октомври во тековната година,за нивен застапник ќе се смета осигурителното друштво кое ќе го определи комората. Одлуката на Комората за тоа не е управен акт.

(9) Ќе се смета дека адвокатот склучил договор за осигурување кога поднел барање за осигурување,без оглед на тоа дали во тоа време бил постигнат договорот од став (8) на овој член

(10) Ако адвокатот штетата ја направил на трето лице намерно или од грубо невнимание, осигурителното друштво кое ја надоместило штетата на третото лице има право на регрес спрема адвокатот,односно адвокатското друштво

Член 10

По членот 76-а се додава нов член 76-б кој гласи :

Постапката,условите за осигурување и начинот на склучување на договори за осигурување од одговорност на адвокатите ќе се регулираат со посебен правилник.

Член 11

Се врши исправка во оддел 3 на глава VI ,кој гласи Адвокатски именици,па истиот одделн носи број 5, со непроменет назив,а одделот 4 со назив Реципроцитет ќе носи број 6 со непроменет назив.

Член 12

Во членот 77 од Статуотот во ставот 1 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите Именик на странски адвокати и адвокатски друштва.

Во членот 77 се додава нов став 6 кој гласи :

Именикот на странските адвокати и адвокатски друштва соодржи:

Хоризонтални алинеи во кои се впишува име и презиме на адвокатот, држава од која потекнува и во која го остварил правото на вршење на адвокатска дејност,број на лиценца од надлежниот орган на таа домицилната држава, адреса на седиште во домицилната држава и адреса на седиште во Република Македонија доколку такво поседува,контакт телефон,датум на уписот во Именикот и број на лиценца издадена од АКРМ

Член 13

По членот 77 од Статутот се додава нов член 77-а,кој гласи :

Уписот и бришењето во Имениците на АКРМ се врши на начин и постапка регулирани со посебен Правилник.

Член 14

Во членот 79 од Статутот по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи :

Обезбедување на правна помош и вршење на адвокатска дејност на територија на Република Македонија на адвокати и адвокатски друштва од земјите членки на ЕУ се врши согласно Законот за адвокатура.

Досегашниот став 2 на членот 79 станува став 3.

Член 15

Во членот 82 од Статутот алинеата 6 се брише.

Член 16

Оваа Одлука за измена на Статутот е донесена на ден ____________ 2007 година и стапува на сила со денот на нејзиното објавување во Службен Весник на РМ.

Се овластува Управниот Одбор да изготви пречистен текст на Статутот на АКРМ.

# КОДЕКС

## ЗА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА АДВОКАТИТЕ, АДВОКАТСКИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, И АДВОКАТСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кодексот за професионалната етика на адвокатите е збир од усвоени начела по кои треба да се управуваат адвокатите во својата работа. Тие се во согласност со општите начела на етиката на веќе порано прифатените и развиени начела на професионалната етика на адвокатурата.

Непридржувањето кон правилата и начелата на Кодексот за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници претставува повреда на дисциплината, *санкционирани со посебен акт на Комората*.

Должност на сите адвокати е да се грижат за правилна примена на овој Кодекс.

Во случај кога адвокатите застапуваат или бранат пред судовите во *друга држва должен е покрај кон одребиите на овој кодекс да се придржува и кон одредбите на кодексот на домицилната држава*.

### 1.ОПШТИ ПРИНЦИПИ

**1.Независност**

Во извршување на своите обврски адвокатот е независен и не смее да дозволи никакви влијанија од трети лица или неговите лични интереси или интересите на трети лица и надворешен притисок да влијаат на него во извршувањето на неговите обврски кон клиентот.Адвокатот е должен да не дозволи никакво нарушување на неговата незвисност и да не ги прекрши своите професионалните принципи со цел да удоволи било кому,па и на неговиот клиент.

**2.Доверба**

Помеѓу адвокатот и клиентот мора да постои однос на доверба,а ваквото нешто може да се постигне исклучиво доколку адвокатот поседува лично достоинство,чесност и интегритет. Овие традиционални вредности за адвокатот се и професионална обврска.

**3.Доверливост**

Доверливоста е примарно и фундаментално право и обврска на адвокатот, затоа што суштината на професијата адвокат му овозможува на истиот да дознае и такви работи кои што клиентот не би ги соопштил на друг. Без функционирање на принципот на доверливоста не може да постои ни доверба помеѓу адвокатот и клиентот. Обврската на адвокатот за почитување на принципот на доверливост е временски неограничнa и важи за сите информации кои ќе ги дознае од својот клиент во вршењето на неговата професионална активност.Овој принцип му обезбедува на адвокатот специјална заштита од државата.

**4.Несоодветни професии**

Овој принцип се обезбедува со воздржување на адвокатот од вршење на професии и активности или стекнување на својство на субјект кои не се споиви со професијата адвокат,го нарушуваат неговиот дигнитет, интегритет, независност и сл.

Како неспојиви со адвокатурата, професии, дејности, должности или статус на лице се сметаат особено :

- стечаен управник;
- законски застапник на трговско друштво;
- основач, содружник или партнер,управител или вработен во трговско друштво кое што се занимава со правен консалтинг,агенција за недвижност или други правни субејкти кои со своето работење претставуваат нелојална конкуренција на адвокатурата

**5.Лично рекламирање**

Адвокатот не смее да се рекламира или да бара личен публицитет на недостоен начин.

Не се смета за рекламирање објавувањето на основни податоци за адвокатот негова лична на Web страница на Интернет на : име, презиме, адреса, телефон, област од дејноста, без наведување на цената на услугите и без истакнување на лични и професионални квалитети на адвокатот. Забрането е истакнување на имињата и називите на клиентите кои адвокатот ги застапувал и ги застапува на неговата Web страна.

**6.Интерес на клиентот**

Адвокатот е должен секогаш да постапува во најдобар интерес на клиентот и треба да ги стави тие интереси пред сите други интереси.

## 2. ОДНОС КОН СТРАНКАТА И ПРЕДМЕТОТ

1. Адвокатот како давател на правна помош и вршител на јавни овластувања треба да дава правна помош, да застапува или да брани странки кога тие му се обраќаат за таа цел.

Адвокатот може да го одбие давањето правна помош или вршењето на јавни овластувања од оправдани причини, како што се: преоптовареност во работењето, незначителни изгледи за успех по предметот, неплаќање на доспеаните обврски од клиентот ( трошоци и награда), кога е во прашање неодговорен парничар и слично.

Одбивањето да се даде правна помош во кривичните предмети (одбрана) треба да се цени по строги критериуми. Тоа е дозволено само во особено исклучителни случаи и тоа од објективна и од субјективна природа, како што се: болест на адвокатот, неплатени обврски од страна на обвинетиот за претходно дадена одбрана и слично.

Доколку се работи за сиромашна странка која не е во состојба да ја плати наградата на адвокатот во полн износ, тоа не може да влијае на ускратување на тоа да се даде правна помош или вршење на јавно овластување, бидејќи ова претставува традиционална и чесна задача на адвокатската професија.

Адвокатот ќе го советува и претставува неговиот клиент навремено,совесно и внимателно и е должен да го информира клиентот за текот предметот на негово барање.

2. Ако адвокатот прифати вршење на јавни овластувања, давање правна помош, застапување или одбрана тој е должен да и остане верен на својата странка и да се труди со истата да воспостави однос на доверба. Тој може да го откаже застапувањето, одбраната или давањето друга правна помош. само од исти причини поради кои можел да одбие давање правна помош, ако за тие причини дознал по преземањето на предметот. Но, и во овој случај адвокатот е должен својата странка да ја застапува се додека не си обезбеди друг правен застапник. Рокот за ова може да биде најмногу до 30 дена.

3. Адвокатот не смее да превземе вршење на јавни овластувања или застапување на сопарничари или сообвинети, ако нивните меѓусебни интереси се спротивни. Ако таков случај настане во текот на застапувањето или одбраната, адвокатот е должен да го откаже застапувањето, односно одбраната на една од странките.

4. При составување на двострани правни работи (договори и друго) адвокатот е должен совесно да ги штити интересите на двете странки, без оглед на тоа која од нив побарала правна помош и која ја плаќа наградата. Ако меѓу странките настане спор во врска со договорот составен од страна на адвокатот, тогаш истиот не треба да се појави како застапник на ниту една од странките.

5. Адвокатот е должен совесно да ја застапува и да ја брани својата странка, користејќи ги притоа сите потребни средства, дозволени со Законот или со друг пропис. Тој треба да настојува сите докази и факти да ги сконцентрира во што помал број поднесоци. Адвокатот во својата работа не смее да се идентификува со својата странка, туку треба да остане на височина на својата фукција - застапник или бранител на своите странки.

6. За време на застапувањето на својата странка, адвокатот не смее да прифаќа евентуална понуда за застапување и на спротивната странка, ниту пак други работи што се во врска со спорот и се спротивни на интересите на странките, додека трае спорот.

7. Ако адвокатот се нафати за застапување или за одбрана, од својата странка треба да земе исцрпни податоци со евентуални докази, предупредувајќи ја истата дека е во нејзин интерес својот адвокат да го запознава со сите факти. Од друга страна пак, адвокатот е должен, секој предмет што го презел, совесно да го проучи и кон истиот така и да се однесува, а своето мислење за евентуалниот исход на спорот искрено да и го соопшти на својата странка.

8. Уште при преземање на предметот, доколку е можно, адвокатот треба да ја запознае својата странка со износот на трошоците и наградата за застапување односно вршењето на јавни овластувања. Ако е во прашање странка која ги исполнува условите за давање на бесплатна правна помош согласно нормативните акти на АКРМ адвокатот, во случај кога еангажиран во канцеларија за бесплатна правна помош на АКРМ не може да бара никакво надоместување од таа странка, но има право да предјави трошоци до Судот или органот кој ја води постапката согласно адвокатската тарифа и истите да му бидат нему исплатени, имајќи го притоа постојано предвид старото етичко начело на адвокатите: никој, поради неможност за плаќање на наградата на адвокатот, да не остане без адвокатска и квалитетна правна помош.

9. Адвокатот не треба да прифати вршење на јавни овластувања, застапувања, одбрана или давање друга правна помош во толкава мера, кога со тоа би бил преоптоварен до таа мерка, што секој случај не би можел совесно и темелно да го обработи. Во случај на презафатеност, адвокатот треба странката да ја упати на други свои колеги во кои има доверба, а кои имаат временска можност за прифаќање на странката.

10. Во спротивната странка адвокатот не треба да гледа непријател, туку просечен противник, кој е можеби исто толку уверен во своето право, како и странката која адвокатот ја застапува. Според тоа, односот на адвокатот кон спротивната страна треба да биде конкретен. Меѓутоа, ваквото нешто не треба да има влијание на застапувањето на неговата странка. Во границите на законските одредби, треба да истапува енергично и без страв. Адвокатот треба да избегнува секаков контакт со спротивната странка без знаење на својата странка или на застапникот на противникот.

Ако адвокатот е во пријателски однос со спротивната странка, за тоа треба да ја извести својата странка уште пред преземање на предметот за да се отстрани секое сомневање во врска со правилното извршување на договорената задача.

## II. ОДНОС КОН СУДОТ И КОН ДРУГИТЕ ОРГАНИ

13. Во извршувањето на својата професија, адвокатот е должен да го чува угледот на судот, и институциите пред кои се јавува. Неговиот настап треба да биде таков, судовите и другите органи во него да гледаат заштитник во споредувањето на законитоста и заштитата на правата и правните интереси на странките.

Адвокатот е должен да укажува почитување кон судот и институциите пред кои се јавува, но исто така, во интерес на угледот на адвокатурата, е должен да не дозволи некоректен однос на претставниците на тие органи кон него и кон неговата странка. Таквите тенденции е должен да ги оневозможи на пристоен начин и со допуштените средства. Должен е да даде достоен отпор против секој обид за кршење на начелата на демократијата и повреди на достоинството на личноста.

14. Пријателските или роднинските односи на адвокатот со судијата или со лице вработено во институција, избран или именуван функционер, член на политичка партија не смее да дојдат до израз додека адвокатот ја извршува својата адвокатска

дејност. Особено е недостојно да ги истакнува своите роднински врски, пријателство, врски и познанство и истите да ги искористи во своја полза или за сметка на својата странка, а на штета на спротивната странка, или на кое било трето лице или институција.

15. Пред судот и другите органи адвокатот настапува како полномошник на своите клиенти, заради заштита на нивните права и правни интереси. Истиот е должен, врз основа на совесно прибраните податоци од странката, да ја изнесе јасно и накусо - писмено или усмено - фактичката и правната состојба на која се повикува.

16. Големината на писмениот состав и говорот зависи од конкретните услови; од тежината и од комплмкуваноста на предметот; обработката на правната литература и сл. Концизноста на излагањето не треба да го спречи адвокатот, писмениот состав или говор да му бидат изложени во убава, импресивна и уверлива форма, со излагање што ќе биде позанимливо и полесно прифатливо. Негувањето на убавиот и содржан збор е традиционална должност на адвокатите.

## III. ОДНОСОТ КОН АДВОКАТИТЕ И АДВОКАТСКАТА КОМОРА

17. Адвокатската комора во својата работа е самостојна, независна и јавна. Комората е должна за извршување на задачите од членството. За таа цел секој адвокат, од своја страна, е должен да придонесува за што поуспешна работа на Комората и да го негува и да го подигнува нејзиниот углед.

Изборот во кој било орган на адвокатската комора, треба да претставува чест за секој адвокат, а истиот може да не се прифати во случај кога здравствената состојба на адвокатот не му дозволува такво ангажирање или ако станува збор за други - оправдани случаи.

Адвокатите се должни исклучиво и свесно да ги исполнуваат своите членски, професионални и јавни обврски од морална и од материјална природа, како кон сопствените, така и кон сите институции што се од посебен и од општ интерес за нив.

18. Адвокатот треба да ги зацврстува меѓусебните односи; да негува стручна и професионална солидарност и другарски однос во работата. Меѓусебните односи на адвокатите и нивната соработка треба да бидат искрени и конкретни и тие да немаат влијание врз совеста и одлучноста во застапувањето на нивните странки.

Недозволено е преку врски, препораки или на каков било друг начин, преземање клиенти од другите адвокати. Непристојно е адвокатот своите услуги да ги нуди на лица кои веќе имаат свој адвокат, а особено со понуда за поповолно застапување или одбрана, во материјална смисла.

Со зборови или на друг начин, адвокатот не смее да ја игнорира, омаловажува и да ја потценува работата на адвокатот од спротивната странка. При работење во кривична постапка, адвокатот не треба својата одбрана да ја насочи и постави така, што со неа ќе се товарат друтите сообвинети, освен во случај кога тоа го налагаат потребите на одбрана на неговиот клиент.

19. Колегијалноста меѓу адвокатите бара секој од нив без оправдани причини, да не ја одбие замолената замена пред судот. Адвокатот кој моли за замена, на својот заменик мора да му ги презентира потребните податоци и упатства во врска со предметната замена; да му ги надомести трошоците и да му ја исплати наградата. Кога адвокатот е спречен да ја изврши замената, мора веднаш да го извести својот колега или да се погрижи да обезбеди друг заменик.

## IV. ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ТАЈНИ

20. Се што странката ќе му довери на адвокатот во врска со бараниот правен совет, застапување или одбрана и се што адвокатот дознал за предметот на друг начин, а што е доверливо, претставува професионална адвокатска тајна.

Обврската за чување на професионалната тајна се однесува и на списите што адвокатот ги чува во својата архива. Адвокатог е должен професионалната адвокатска тајна да ја чува под страв од дисциплинска или од кривична одговорност. Истата се третира како тајна за време на застапувањето и одбраната, а и подоцна, се додека нејзиното изнесување во јавноста може да и штети на странката.

21. Она што адвокатот го дознал од странката, а што претставува професионална тајна, може да го открие само во случај кога самата странка, на несомнен начин, го дозволува тоа, ако е во интерес на одбраната (нужно за одбраната), како и во случај кога тоа ќе го побара и ќе добие согласност од Адвокатската комора. Комората, при разгледувањето на ваквото барање на адвокатот, ќе ги цени сите постојани околности.

22. Ако странката бара од адвокатот да ја застапува спротивно од изнесената материјална вистина, истиот може да го одбие застапувањето. Во вакви случаи, адвокатот не треба да презема ништо што би можело да и наштети на странката.

Адвокатот не може да дава предлози со кои очевидно има намера да го избегне утврдувањето на материјлната вистина.

23. Ако адвокатот дознал нешто при застапувањето на некое правно лице или такво нешто му било познато кога бил негов член, во никој случај тоа не смее да го употреби во каква било постапка, на негова штета.

## V. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ЧУВАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА ЛИЧНИОТ И МОРАЛЕН УГЛЕД

24. Адвокатот е должен постојано да ги усовршува своите стручни и општи познавања. За таа цел треба да следи и проучува прописи и стручна литература (особено од областа на своите специјалности); да следи културни, научни и политички достигнувања и настани, а, според можностите, активно да учествува и да соработува во професионалните и стручни организации, списанија и во другите општествени дејности. Адвокатот е должен своите знаења несебично да ги пренесува на другите адвокати, а посебно на адвокатскитс стручни соработници и на адвокатските приправници.

25. Своите интелектуални способности, професионални и друти јавни активности, мора секогаш да ги развива во рамките на дејноста на адвокатската професија. Недозволено е своите активности да ги користи спротивно од принципите на овој кодекс, а особено со цел да ја истакне својата адвокатска професија или на каков било друт начин - со намера да се рекламира.

26. Адвокатот е должен во секое време додека е професионално ангажиран и во својот личен живот, да стекнува и одржува степен на личен и морален углед. За таа цел е должен да се воздржи од сите свои лични, особено материјални интереси, што би можело да го доведат во сомневање неговиот морален лик.

Со непрекинато стручно усовршување и подигање на својот личен и морален углед, адвокатот ја исполнува својата професионална должност и се оспособува за успешно вршење на традиционалната функција во одбрана на слободата,

независноста, граѓанските права, хуманизмот и човечкото достоинство во одбрана на законските права.

27. Во непосреден контакт со спротивната странка или со нејзиниот застапник, односно бранител, адвокатот може да стапи само поради обид за мирно решавање на спорот и тоа, само по предлог или со знаење на својата странка.

## VI. ОДНОСОТ НА АДВОКАТОТ КОН АДВОКАТСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ И ОБРАТНО

28. Адвокатот мора да посвети посебно внимание на работата со адвокатските приправници. Мора да се грижи за нивното поуспешно стручно усовршување и издигање.

На адвокатскиот приправник му е потребно да обрне внимание и на неговиот правилен и коректен однос кон другите адвокати. адвокатските стручни соработници. приправниците. органите пред кои истапува во своето работење, како и во ситуации надвор од работата.

На својот приправник адвокатот мора да му обезбеди сестрана и темелна практика. Таа не може да биде половична или фиктивна.

29. Адвокатскиот приправник кога прв пат доаѓа во деловен однос со друг адвокат, доколку порано не се познавал со него, е должен да му се претстави на истиот. Истото ќе го стори и во однос на судијата кај кого прв пат доаѓа на судење.

30. Адвокатите мораат да посветат особено внимание при упатување на адвокатските приправници во принципите на адвокатската етика, без што ниту стручната практика, ниту знаењата не би имале соодветна вредност.

Поради полагање правосуден испит, адвокатот мора на адвокатскиот приправник да му обезбеди доволно време за подготвување на истиот. Односот меѓу адвокатот и неговиот приправник, во никаков облик, не смее да претставува злоупотреба на положбата и довербата.

31. Адвокатскиот приправник е должен во секој поглед да ја чува тајната на адвокатската канцеларија во која што работи.

## VII. АДВОКАТСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА И ФИРМАТА НА ИСТАТА

32. Фирмата на адвокатската канцеларија мора да биде истакната на зградата каде што е сместена канцеларијата но, ниту по облик, ниту по содржина, не смее да служи за рекламни цели.

33. Со цел да се сочува угледот на адвокатурата, по правило, адвокатот, треба да ги прима странките во својата канцеларија.

Недостојно е адвокатот своите работи да ги врши со странките по судските ходници, угостителски објекти или на други непогодни места.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Покрај адвокатите, овој Кодекс се применува и се однесува и на работењето на адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници.

34. Кодексот има времен карактер и треба и понатаму да се усовршува и да се дополнува во духот на начелата прифатени и проверени во однос на професионалната етика на адвокатурата во Република Македонија.

# ЛОГОТО НА АКРМ ВО РАЦЕТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АДВОКАТСКА КОМОРА НА АМЕРИКА г-ѓа КАРЕН МАТИС

Адвокатската комора на Република Македонија започнува поинтензивна соработка со Адвокатската комора на Америка. За таа цел, искуствата од практицирањето на адвокатите во Америка, адвокатите во Македонија ќе ги добијат преку серија на округли маси, семинари и посета на Адвокатските заедници од страна на делегација на Адвокатската комора на Америка, предводена од претседателката г-ѓа Карен Матис.

Покрај членувањето на АКРМ во Советот на комори и правни друштва на Европа - CCBE, како земја набљудувач веќе толку години, членувањето во Асоцијацијата на адвокатски комори од Црноморскиот регион - BCBA, Светската унија на адвокати - UIA, под уставното име, извонредно значајна е соработката со најголемата и највлијателната адвокатска комора во светот - Адвокатската комора на Америка.

Како почеток на таа соработка е доделувањето на свеченото лого на Адвокатската комора на Република Македонија на претседателот на Адвокатската комора на Америка г-ѓа Карен Матис.



АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА НАЈВИСОКО НИВО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА КОМОРИ И ПРАВНИ ДРУШТВА НА ЕВРОПА - ССВЕ, г. КОЛИН ТАЕР И СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СВЕТСКАТА УНИЈА НА АДВОКАТИ - UIA, г. ПАУЛО ЛИНС Е. СИЛВА.



# UNION INTERNATIONALE DES AVOCATS

**INTERNATIONAL ASSOCIATION OF LAWYERS**
**UNION INTERNACIONAL DE ABOGADOS**
**INTERNATIONAL ANWALTS-UNION**
**UNIONE INTERNAZIONALE DEGLI AVVOCATI**
**UNIÃO INTERNACIONAL DE ADVOGADOS**
**الاتحاد الدولي للمحامين**

*Rassembler les avocats du monde ♦ Bringing Together the World's Lawyers ♦ Reunir a los abogados del mundo*

***Paulo LINS E SILVA***
*Président*
*President*
*Presidente*

*Paulo Lins e Silva Advogados e Consultores de Familia*
*Rua Visconde de Piraja, 351 - 9° andar - Ipanema*
*22410-003 RIO DE JANEIRO - BRESIL*
*Tél. : +55 (21) 2522 30 30*
*Fax : +55 (21) 2287 78 99 / +55 (21) 2267 30 30*
*E-mail :* pls@linsesilva.com.br

Rio de Janeiro, June 6, 2007

**MACEDONIAN BAR ASSOCIATION**
**Mr. Nenad Janicevic**
**President of the Governing Board**

*Transmitted by e-mail*: **lawyermk@mba.org.mk**

Dear Mr. President, Dear Colleague,

First of all, allow me to thank you for the warm welcome you extended to me in Skopje and Ohrid. I was greatly honored to meet the President of Republic of Macedonia, Mr. Branko Crvenkovski, the Minister of justice of Republic of Macedonia, Mr. Mihajlo Manevski and the president of the Supreme Court of Republic of Macedonia, Mr. Dane Iliev.

The 52nd Annual Assembly of the Macedonian Bar Association was a tremendous success and it is doubtlessly due to your competence and a lot of hard work from you and your collaborators. During the meeting I had the opportunity to enrich my professional experience and I would like to thank you again for having invited me to participate of this prestigious event.

Sincerely,

Paulo LINS E SILVA

C:\Users\Informe\AppData\Local\Temp\Macedonian Bar.doc

Association Internationale Sans But Lucratif (AISBL)– N° AISBL : 408.288.242
Correspondance à : UIA – 25, rue du Jour – 75001 Paris (France)
Tél. : +33 1 44 88 55 66 / Fax : +33 1 44 88 55 77 / E-mail : uiacentre@uianet.org / Web : www.uianet.org
Siège Social : Palais de Justice - Place Poelaert - 1000 Bruxelles (Belgique)

Превод на допис од г. Пауло Линс Е. Силва
Претседател на Светската унија на адвокати - УИА

Почитуван г. Претседател,
Почитуван колега,

Пред се, дозволете ми да Ви се заблагодарам на топлото добредојде кое ми го пруживте во Скопје и во Охрид. Јас бев длабоко почестен со можноста да остварам средби со Претседателот на Република Македонија, г. Бранко Црвенковски, Министерот за правда на Република Македонија, г. Михајло Маневски, и со Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија г. Дане Илиев.

52-то Годишно собрание на Адвокатската комора на Република Македонија претставуваше огромен успех, кој без сомнение се должи на Вашата компетентност и многу труд од Вас и Вашите соработници. За време на Вашето Годишно собрание, имав можност да го збогатам моето професионално искуство и би сакал повторно да Ви заблагодарам што ме поканивте да учествувам на овој престижен настан.

Со искрена почит,

Пауло Линс Е. Силва

**МЕЃУ ДЕСЕТТЕ ДОБИТНИЦИ НА ОВАА ПОЧЕСНА ПЛАКЕТА НА СВЕТСКАТА УНИЈА НА АДВОКАТИ - УИА, МЕЃУ КОИ И ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА АМЕРИКА Г-ЃА КАРЕН МАТИС, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА ПАРИЗ Г. ЖАН МАРИ БУРГУБУРУ И ДРУГИ ИСТАКНАТИ И ПРИЗНАТИ АДВОКАТИ КОИ ОСТАВИЛЕ ТРАГ ВО АКТИВНОСТИТЕ НА УИА, ИСТА ВАКВА ПЛАКЕТА Е ВРАЧЕНА И НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКРМ Г. НЕНАД ЈАНИЌЕВИЌ, ЗАРАДИ НЕГОВАТА АКТИВНОСТ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕТО НА АКРМ ВО СВЕТСКАТА УНИЈА НА АДВОКАТИ - УИА, ВО КОЈА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАСТАПУВА ПОД СВОЕТО УСТАВНО ИМЕ.**








INTERNATIONAL ASSOCIATION OF LAWYERS
INTERNATIONALE ANWALTS-UNION

UNION INTERNACIONAL DE ABOGADOS
UNIONE INTERNAZIONALE DEGLI AVVOCATI

الاتحاد الدولي للمحامين

*Bringing Together the World's Lawyers*

## Certificat de Reconnaissance et Honneur

*En reconnaissane au travail et dedication en faveur de la classe d'avocats en Macédoine e à l'étranger nous accordons cette Medaille d'Honneur à*

Nenad Janicevic

Paris, le 19 juillet 2007

*Paulo Lins e Silva*
Président

# *СТРУЧЕН ДЕЛ*



**Злат Миловановиќ**

# ОД НИРЕМБЕРГ ДО МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД (ICC): АЛКА КОЈА НЕДОСТАСУВА И СЛУЧАЈ НА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

## Случај на рехабилитација

1. На 5-ти декември, 2006 година, Апелациониот суд во Букурешт досуди делумна рехабилитација за МА, маршалот Ион Антонеску, Хориа Сима и нивните 19 соработници на судењето во 1946 - илјада деветстотини четириесет и шестата година (Народот против Ион Антонеску и неговите соработници). На тоа судење, Антонеску и членовите на неговата влада беа осудени како воени злосторници од страна на Народниот трибунал, составен специјално за тој случај, во согласност со законите на Нирември и законите од Романија усвоени во 1945-илјада деветстотини четириесет и петтата година (Декрет закон  бр. 312 и Декрет закон бр. 291).

2. Жалбата за овој случај била поднесена од страна на Александру Алексиану, син на Георге Алексиану, воен гувернер на Трансднистрија,  кој бил осуден на смрт, а смртната казна била извршена на 1-ви (први) јуни, 1945 година (истовремено биле спроведени и смртните казни на Ион Антонеску, Михаи Антонеску и Хориа Сима).

3. Делумната рехабилитација се однесувала на злосторства против мирот и прекршување на меѓународните договори, спогодби и гаранции. Пресудите за извршените злосторства против човештвото и воени злосторства продолжиле да важат.

4. На 5-ти септември 1940 година, генерал Ион Антонеску, кој подоцна станал маршал, бил назначен за Премиер на Романија од страна на Кралот Карол и неговите пријатели од Железната гарда. По само два дена, тој го присилил Кралот да абдицира и наскоро морал да употреби воена сила за да го задуши бунтот кренат од страна на гардата. Тој останал на позицијата Премиер сè до 23-ти август, 1944 - илјада деветстотини четириесет и четвртата година, кога бил симнат од власт од страна на Романците и Арестован од страна на Советските сили.

5.  Антонеску им се придружил на Германија и Силите на оската  на 7 (седми) октомври, 1940 (илјада деветстотини и четириесеттата година), т.е. по окупацијата на Романија од страна на Германците. Тој исто така вклучил околу еден милион романски војници во борбата против СССР (Советскиот сојуз), ги повратил претходно одземените територии на Романија од страна на СССР (Советскиот сојуз), и ги окупирал териториите на Транснистрија и делови од Украина со Одеса. Романските трупи потоа се бореле во Сталинград. Владата на Антонеску спроведувала анти-семитски, расистички закони и се смета за одговорна за смртта на најмалку 280,000

(двесте и осумдесет илјади) Евреи и 25,000 (дваесет и пет илјади) Роми ( од кои повеќето биле депортирани во Трансднистрија и други региони кои биле под романска окупација). Другите граѓани на Романија биле изложени на прогонства и на самата војна и бројот на жртви меѓу романските граѓани изнесува неколку стотици илјади. Првите жртви биле оние кои му се спротивставиле на диктаторството, т.е. луѓето од левицата, но имало и такви кои биле силни поддржувачи на владата. Она што се случило поточно може да биде наречено „национална катастрофа."

6. Оттука доаѓа прашањето – Од каде сега рехабилитација? Правно објаснение на Апелациониот суд во Букурешт беше следново: Членовите на Народниот трибунал кои ги осудиле Антонеску и соработниците, не знаеле ниту пак можеле да знаат дека постоел таен Анекс 3 во договор на Молотов – Вон Рибентроп, договорот кој датира од 25-ти (дваесет и петти) август, 1939-илјада деветстотини триесет и деветтата година, кој му дозволува на Советскиот сојуз да ги окупира регионите Бесарабија и дел од Буковина кои и припаѓале на територијата на Романија. Во 1940 (илјада деветстотини и четириесетата година) Романија им станала сојузник на Германија и Силите на оската и на тој начин склучила одбранбено сојузништво. Нападот на Романија над Советскиот сојуз, на страната на нацистичка Германија, „можел да биде оправдан како превентивна војна". Оттука излегува дека Антонеску и неговите соработници биле романски патриоти кои не биле виновни за какви било злосторства против мирот, и покрај тоа што останатиот дел од пресудите сè уште важи.

7. Рехабилитација – дури и целосна рехабилитација – била побарана од одреден број Романци и дел од јавното мислење. Се појавиле разни оправдувачки написи од различни историчари. Некои од нив дури и го негирале учеството на Романија во Холокаустот. Како и да е, треба да се нагласи дека сегашната влада на Романија не ги поддржува ваквите тенденции кои се присутни претежно во малите, екстремистички партии. Исто така, модерна Романија има усвоено декрет (Број 3 од 2002-две илјади и втора), која забранува постоење на расистички организации и активности во земјата и го осудува негирањето на Холокаустот во било која форма.

8. Случајот Антонеску, како и да е, не е единствениот случај на рехабилитација во Романија. Во 1997 (илјада деветстотини деведесет и седмата година), Врховниот суд извршил рехабилитација на Раду Динулеску, некогашен претседател на второто одделение на Генералниот штаб и неговиот заменик, Генерал Георге Петреску. Динулеску бил познат како „романскиот Ајхман" и бил директно одговорен за депортација на околу 150.000 (сто и педесет илјади) романски Евреи, од Романија до Трансднистрија и други територии. Оваа рехабилитација се базирала врз принципот „почитување наредби" – кој бил неприфатлив во Ниремберг.

9. Земено од правна гледна точка, Меѓународната заедница на може да ги прифати ваквите случаи на рехабилитација. Овластените судови од 1945 (илјада деветстотини четириесет и петтата година) не биле во согласност со тогашните законски процедури, земајќи ги во предвид западните стандарди според кои смртните казни и погубувања биле сметани за скандалозни. Сепак, Романија како демократска земја и членка на Европската унија, не треба да одобрува случаи на рехабилитација кои се контадикторни на меѓународните правила спроведени од Обединетите нации во 1945 (илјада деветстотини четириесет и петтата год.) Всушност, Романија е дел од коалицијата на Обединетите нации уште од август 1944 (илјада деветстотини четириесет и четвртата год.) и се избори против оние кои ја доведоа до нејзината "национална катастрофа". Романија, исто така, мора да ги почитува обврските од Мировниот договор во Париз од десетти февруари 1947 година и од други меѓународни документи. Војната против Советскиот сојуз истовремено била и војна

против неговите сојузници т.е. САД, Британската империја, Француската империја и така натаму.

10. Со исклучок на две земји – Русија и Молдавија – Меѓународната заедница не се спротиставила на одлуката на Апелациониот суд во Букурешт. Русите изјавиле дека ваквата одлука нема да им донесе правда на жртвите. Тие, исто така, укажале и на фактот дека пред нападот врз Советскиот сојуз, Романија го прекршила тројниот пакт со Југославија и Грција, со тоа што дозволила овие две земји да бидат нападнати од страна на германските сили кои дошле од романска територија. Антонеску ја втурнал Романија во агресија, инвазија и окупација на други држави итн. (и така натаму).

11. Што се однесува до Антонеску и неговите соработници, може да се констатира дека биле осудени од страна на некомпетентен суд. Народниот трибунал не бил воен суд, како оној во Ниремберг или Токио. Тоа бил политички трибунал, составен од тројца непознати правници и шест поротници, претставници од политички партии (тројца биле од Комунистичката партија; имало еден готвач, една домаќинка и еден земјоделец). Антонеску бил прогласен за голем воен злосторник (според декларациите на Москва и на Потсдам): Нему требало да му се суди во Нирември. Судиите не земале во предвид никакви тврдења приложени од страна на одбраната: Антонеску тврдел дека сојузот со Германија бил планиран и склучен пред неговото доаѓање на власт. Дали треба да постои право на рехабилитација?

## Агресијата денес во меѓународниот закон за злосторства

12. Случајот за рехабилитација на Антонеску покажал неколку работи и тоа:

Прво, сè уште не постои заедничка дефиниција за агресија во Меѓународната заедница како целина. Јас тоа го нарекувам „алка која недостасува".

Второ, нема јасно разбирање на обврските кон меѓународните закони после Втората светска војна.

Трето, народите сè уште ја гледаат нивната национална историја на различен начин од договорените стандарди со Обединетите нации (агресорот на еден народ може да биде патриот за друг народ).

Четврто, Преседанот донесен во Романија може да се применува и во иднина, не само од и во Романија, туку и во која било друга земја која сака да ја намали својата одговорност за настаните од 1939 (илјада деветстотини триесет и деветата) до 1945 (илјада деветстотини четириесет и петтата).

13. Договорот за судење и казнување на големите воени злосторници на Европските сили на Оската и Повелбата на Меѓународниот воен суд (т.е. Повелбата од Ниремберг од 8 осми август, 1945), дава јасна дефиниција за злоделата против мирот како што се планирање, подготовка, почеток и водење на војна спротивно од меѓународните договори, спогодби или гаранции или учество во заговор... (Член 6а).

14. Повелбата на Обединетите нации осудува војување и предложува водење на преговори за мирно решавање на меѓународни конфликти.

15. Обвинетите (во Ниремберг) се товарат со најтешки обвиненија дека извршиле планирање и спроведување на агресивна војна. Војната во суштина е појава на злото. Последиците од војната се чувствуваат во целиот свет, не само во земјите зафатени од конфликтот.

Оттука можеме да кажеме дека чинот на започнување на агресивна војна не само што е меѓународно злодело, туку е врвно меѓународно злодело кое се разликува од другите злосторства во светот по тоа што во него е собрано целото можно зло".

(Weston, B., Falk, R и d'Amato, Меѓународно право и Светски поредок , West Publishing Co, стр. 153).

16. Генералното собрание на Обединетите нации продолжи со афирмирање на принципите на меѓународно право кое е потврдено од Повелбата на трибуналот во Нирмберг и самата Пресуда на трибуналот. (Одлука 236 од 1946-илјада деветстотини четириесет и шеста год). За многу држави немаше потврдена дефиниција за злодела против мирот, иако во принцип сите го поддржаа овој пристап.

17. Најпосле во 1975 (илјада деветстотини седумдесет и петта год), Генералното собрание на Обединетите нации ја утврди точната дефиниција за агресија со резолуција 3314, донесена на 13 (тринаесетти) декември, 1974(илјада деветстотини седумдесет и четврта година). Оваа дефиниција е релативно јасна: Освен злоделата наведени во Повелбата од Нирмберг, се забрануваат и дела како што се: инвазија, бомбардирање, блокада на пристаништа или крајбрежја. Член 5 појаснува дека не се оправдува каков било вид агресија, независно дали истата е политичка, економска, воена или од некој друг вид. Сепак одлуките на Генералното собрание на Обединетите нации не се задолжителни.

18. Во 1945/46, членовите на Обединетите нации беа целосно обединети во нивните обиди да утврдат дека злоделата против мирот се меѓународни прекршоци и дека покрај власта, одговорност треба да сносат и одредени поединци одговорни за тие злосторства.

19. Во деведесеттите години, т.е. во периодот по Студената војна и после многу неуспешни обиди на Обединетите нации за решавање на проблемите со меѓународните злосторства, вниманието беше свртено кон злосторствата против човештвото, вклучувајќи го и геноцидот. Наеднаш злоделата против мирот не беа веќе толку важни и изгледаше дека преседанот од Нирмберг нема воопшто да биде почитуван. На пример, Статутот на Меѓународниот трибунал за злодела за Југославија (ICTY), не ги споменуваше злосторствата против мирот (Член 2-5). Истото се случи и со Статутот на Трибуналот за Руанда (Член 2-4). Дури и после двесте војни кои се случија по Втората светска војна, Меѓународната заедница не беше подготвена да започне дебата за прашањата поврзани со одговорноста за започнување на која било војна. Сепак, без злосторствата против мирот, не можеме да зборуваме за постоење на воени злосторства или злосторства против човештвото (Геноцидот може да се случува дури и без агресија).

Во Нирмберг (и во Токио), злоделата против мирот беа најголемите меѓународни злодела, од кои произлегуваат и сите други злосторства.

Без да го негираме Нирмберг, новиот светски поредок не сакаше во потполност да се држи до преседанот, иако досега никој не го посочил случајот на рехабилитација на осудените во Нирмберг.

20. Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд кој датира од 17 (седумнаесетти) јули, 2002 (две илјади и втора), се обиде да ги обнови злоделата на агресија на релативно скратен начин во споредба со повелбата од Нирмберг. Членот 5 од Римскиот статут ги споменува злосторствата на агресија, но не наведува друг вид на злосторства против мирот или прекршоци на меѓународни договори итн. Според истиот член, судот ќе спроведе јурисдикција за злосторствата на агресија откога ќе се усвои одредба која јасно ќе ги дефинира злосторствата и условите за спроведување јурисдикција, кои ќе бидат во согласност со стореното дело. Оваа одредба мора да биде доследна со Повелбата на Обединетите нации и треба да биде изготвена според членовите 121 и 123 од Римската повелба.

21. Ова значи дека Меѓународната заедница одлучила да го задржи новиот Меѓународен суд за злосторства и неговите закони за справување со воени

злосторства, злосторства против човештвото и геноцид, дури и ако одредено злодело за агресија не биде никогаш усвоено. Ова е добра стратегија за која Обединетите нации заслужуваат пофалба.Во меѓувреме се продолжува со дефинирање на агресијата. На Подготвителната комисија за Меѓународниот кривичен суд, која беше основана од Римската Конференција (Одлука F), ѝ беше доделена задача да подготви понуди за одредба за агресија, вклучувајќи ја и дефиницијата за елементи на злосторство, како и условите под кои Меѓународниот суд ќе ги спроведува своите правила во врска со некое злодело (Комисија за меѓународно право - Резимеа: Прашање за дефинирање агресија, стр.2. Понудите требаше да бидат предадени на Собранието на државите членки на Меѓународниот суд, за време на контролната конференција). Во 1999 (илјада деветстотини деведесет и деветтата год), Подготвителната комисија на Меѓународниот суд за злосторства основаше работна група за злоделата за агресија. На десеттиот состанок, подготвителната комисија одлучи да прати известување до Собранието. (Документ PCNICC/2002/WGCA/RT.1/Рев. 2.) На првиот состанок, Собранието одлучи да основа нова специјална работна група за злоделата за агресија – која е отворена за сите земји членови на Обединетите нации и нивните специјализирани агенции и IAEA. Сите тие состаноци само ја потврдија потребата од континуитет во понатамошната работа.

## ЗАКЛУЧОК

22. Отсуството на прифатлива дефиниција за агресија, е еден од најголемите правни проблеми на Меѓународната заедница. Одложувањето на решавањето на овој проблем може да биде од политички причини, но тоа не го прави покорисен за Меѓународната заедница или пак за човештвото воопшто. До сега, одложувањето трае 60 години. Ако стигнеме до 100, дали сѐ уште ќе биде валиден преседанот од Ниремберг?

23. Без никаква намера, еден романски суд даде погрешна порака во погрешно време. Меѓународниот суд нема никакви одредби за рехабилитација на воени злосторници. Како и да е, рехабилитацијата може да биде наведена како општ законски принцип признат од цивилизирани нации. Меѓународниот закон треба да има повеќе специфични одредби за амнестија, помилување, рехабилитација, погрешна пресуда, компензација итн., доколку Меѓународната заедница остане одговорна за меѓународните судења. Доколку овие случаи им бидат оставени на националните правни системи и политички власти, ќе има многу случаи како оние во Романија, а можностите се бескрајни.

24. Република Македонија е соочена со предложениот закон за рехабилитација. Има многу неправди од минатото кои можат да бидат поправени.
Од друга страна, воените злосторници од која било националност, не треба да бидат вклучени во рехабилитацијата освен кога не беа воените злосторници. Навистина е потребна голема мудрост по ова прашање.

Мај 8, 2007



**Светомир Шкариќ**

# АДВОКАТОТ МАХАТМА ГАНДИ (Профил за македонскиот адвокат во 21 - от век)

**52-ро Годишно собрание на АКРМ**
**Охрид, 24-25 мај 2007-05-22**

Најмалку три причини постојат за да се зборува за Махатма Ганди на 52-то Годишно собрание на АКРМ, што се одржува тука, во Охрид.

Прва причина е, што Махатма Ганда бил адвокат, Ваш колега, многу познат во цела Индија, Јужна Африка и Велика Британија. Надвор од тие три земји, Ганди не е познат како адвокат, туку како миротворец кој се служел со ненасилни средства за остварување на правдата и на мирот.

Вие сте први во светот кои покажувате доблест нешто да научите од адвокатското искуство на Ганди на почетокот на 21 - от век, кога правото потклекнува пред политиката и пред насилството. Добро е што таа доблест ја манифестирате пред претставниците на адвокатски комори од над 20 земји, пред претседателот на Меѓународната унија на адвокати, како и пред Министерот за правда на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и претседателот на Судскиот совет на Република Македонија.

Втора причина е, што во 2007 година во Њу Делхи, Индија, е одбележана 100 - годишнина од Ненасилното движење на Махатма Ганди, познато под името „Сатјаграха".

Одбележувањето е направено на Меѓународната конференција на тема: „*Мирот, ненасилството и зголемување на моќта на луѓето - филозофијата на Ганди во 21 век*", одржана во Њу Делхи на 29 и 30 јануари 2007 година, во големата зграда на Индискиот национален конгрес.

Конференцијата се одржа под претседателство на Соња Ганди - претседателка на Индискиот национален конгрес. На нејзиното лице се гледаше радоста што на Конференцијата се присутни претставници од сите континенти и што сите говорници искажуваа голема почит кон Ганди и неговото дело. Во исто време на нејзиното лице се гледаше и загриженост поради порастот на насилството на почетокот од 21 - от век.

На конференцијата учествуваа претставници на 90 држави и на 122 невладини организации и политички партии, вклучувајќи ги и носителите на Нобеловата награда за мир: Дезмонд Туту од Јужна Африка, Мохамед Јунус од Бангладеш и Лех Валенса од Полска.

На Конференцијата учествуваа и претставници од Македонија - Олга Мурџева-Шкариќ и Светомир Шкариќ, со трудот *„Махатма Ганди и Македонија*".[1]

Република Македонија доби рамноправно место, како и сите други држави. Таа беше означена со името „Macedonia". Тоа е показател дека големите држави, како Индија, имаат чувство за правда и кон помалите држави.

Трета причина е, што делото на Махатма Ганди „Хинд Свараџ" или "Индиска самоуправа" е утврдено како испитна литература за подготовка на адвокатскиот испит што АКРМ започнува да го спроведува во јуни 2007 година. На овој начин, Махатма Ганди влегува на широка врата среде идните адвокати на Република Македонија.

Трите причини, земени во целост, треба да ја зголемат моќта на адвокатурата во Македонија како професија во областа на правото, особено на етички план и во јавната сфера.

Станува збор за три извора од кои адвокатите во Македонија ќе црпат непресушна духовна сила за обавување на својата дејност во 21 век, со критериуми повисоки од оние што важат денес во нашата земја и во Европската унија. Во тоа брзо ќе се уверити откако ќе го прочитате неговото дело што е предвидено како испитна литература.

I

Мохандас Карамчад Ганди е роден во 1869 година во гратчето Порбандар, во Гуџарат, западна држава во Индија.

Во Гуџарат, покрај реката Инд, е родена индиската цивилизација, стара повеќе од 5.000 години. Во 2.500 година пред новата ера се појави софистицирана урбанизација, со патишта и улици направени од цигла и со систем на дренажа. Својот врв во развојот оваа цивилкизиција го доживува во 2.300 година пред н.е.[2]

Во Гуџарат, во градот Ахмедабад, се родени и Џавархарал Нехру и неговата ќерка Индира Ганди. Во куќата на Нехру, во Ахмедабад, се донесени сите клучни одлуку за независноста на Индија. Во неговата куќа во 1920 година е донесена одлука за отпочнување на ненасилниот отпор против имеријалното владеење на Велика Британија. На тој состанок присуствувал и Махатма Ганди, заедно со Мотилал Нехру, таткото на Џавархарал Нехру.

Мохандас, подоцна ќе го добие името Махатма, што на хинду значи „Голема душа". Ганди навистина имал голема душа. Тоа се гледа од неговиот однос кон религиите, како и од неговиот однос кон духовните потреби и кон сиромашните луѓе.

Знаел да каже: „Јас сум христијанин и индус, исто толку колку што сум муслиман и Евреин". [3]

Ганди им давал предност на духовните потреби: „За моите материјални потреби селото е мој свет, а за духовните потреби сиот свет е мое село".[4]

Како адвокат, Ганди им помагал најмногу на сиромашните: „Да им служам на сиромашните секогаш ми беше желба од срце и таа желба ми овозможуваше да се идентификувам со нив".[5]

---

[1] Olga Murdzeva-Skarik and Svetomir Skarik, *Mahatma Gandhi and Macedonia* ( Peace, Nonviolence and Empowerment - Gandhian Philosophy in the 21st Century), New Delhi, January 29 - 30, 2007

[2] Clive Ponting, *World History - A New Perspective*, Catto & Windus, London, 2000, p. 95 - 97

[3] Louis Fischer, *Gandhi – His Life and Message for the World,* New American Library, New York, 1954, p. 130

[4] Shri Mani Shankar Aiyar, *An Overview ( Building on Mahatma Gandhi's Legasy – India since Independen)t,* All India Congress Committee, New Delhi, India, 2007, p. 6

[5] M.K. Gandhi, *An Autobiography or The Story of my Experiments with Truth,* All India Congress Committee, New Delhi, 2007, p. 66

Сличен однос кон сиромашните имаат и македонските адвокати. Наместо Министерството за правда, АКРМ подолго време им дава бесплатна правна помош на сиромашните во Македонија кои немаат финансиски средства за пристап кон судовите во Република Македонија. Тоа треба да го чуе новиот Министер за правда на Република Македонија, господинот Маневски.

За време на правните студии во Лондон (1888 - 1891), Ганди им посветува големо внимание на Римското право и на англиското Common Law.

Римското право ќе му помогне во практикување на адвокатурата во Јужна Африка каде што римско - холандското право претставува Common Law на Јужна Африка.

Со помош на Јустинијан Првиот, Ганди успеа добро да се снајде во правото на Јужна Африка, составено од Римско право, Холандско право и Англиско право. [6]

Во исто време, Ганди му посвети големо внимание и на латинскиот јазик. Тој знаел дека латинскиот јазик е многу значаен за правниците, бидејќи без него не може да се научи правничкиот јазик, ниту може да се совлада правната литература, особено од областа на приватното право.

Римското право на Правниот факултет во Лондон се изучувало во целост на латински јазик. Заради тоа, Ганди бил присилен да го научи латинскиот јазик: „Отидов дома и одлучив да го научам латинскиот, иако е тој многу тежок јазик". [7]

Подоцна, кога стана адвокат во Бомбај и во Јужна Африка, честопати знаел да каже дека познавањето на латинските максими е полесна работа, отколку нивната примена во адвокатската практика: „Со интерес ги читав правните максими, но не знаев како да ги применам во мојата професија".[8]

На пример, Ганди признал дека не знаел да ја примени римската максима: „Sic utere tuo ut alienam non laedas" (Користи ја твојата сопственост на начин кој не му штети на другиот).

Прочитал многу судски пресуди што се однесувале на таа максима, но ниту една од нив не можел да ја примени во практиката. Преку пресудите, Ганди ја открил природата на сопственоста која насилно тежнее кон окрупнување, на штета на другите сопственици или на штета на заедницата и јавниот интерес.

До исто сознание можат да дојдат и македонските адвокати, ако наведената максима ја проверат во нашата практика, преку анализа на судските пресуди што ја тангираат сопственоста во Република Македонија. Доволно е да се проучат поновите случаи во кои се заплеткани судиите, адвокатите, нотарите, државните функционери, градоначалниците и бизнисмените: „Бачило", „Денационализација", „Кермес", „Кинескиот ѕид", „Подрумите во универзитетската зграда на Кеј 13 Ноември во Скопје" итн.

На пример, од пресудата на Основниот суд Скопје I - Скопје од февруари 2006 година, јасно се гледа обидот на одредени бизнисмени за насилно присвојување на етажната сопственост ( подрумите) во Универзитетската зграда на Кеј 13 Ноември бр. 20.

Во нелегалната трансформација на етажната сопственост во приватна сопственост, учествувале: адвокати, нотари, одговорни лица од Скопскиот катастар и поголем број станари од Универзитетската зграда, меѓу кои и универзитетски

---

[6] Ibid, p. 35
[7] Ibid, p. 24
[8] Ibid, p. 35

професори, претседателот и членови на Куќниот совет. Некои од нив се и актери во случаите „Бачило" и „Денационализација". [9]

Во практикувањето на адвокатската професија, Ганди цврсто се држел за фактите и за вистината. За Ганди адвокатурата значеше начин да се докаже вистината во практиката. Според него, фактите значат вистина, а вистината објективно го привлекува правото: „Фактите значат вистина, а еднаш кога ќе ја прифатиме вистината, правото природно ни доаѓа на помош".[10]

Затоа Ганди ги бранел само оние клиенти на чија страна биле фактите и вистината. Никогаш не ги прифаќал лажните случаи и виновните странки. Не ја прифаќал лагата и не ги бранел клиентите што не ја зборувале вистината.

Во исто време, Ганди ги советувал неговите клиенти да бараат совет од други поискусни адвокати. И самиот барал помош од постарите адвокати, особено од адвокатските канцеларии, познати во Јужна Африка. На пример, барал помош од поискусните адвокати, особено од адвокатот Леонардо од Преторија, кој имал голема верба во правото.

Ганди знаел честопати да каже: „Срцето ми кажува дека ќе го добијам спорот само во случај ако мојот клиент е во право". [11]

Знаел дека само праведните средства раѓаат праведни резултати: „Ние жнееме она што сме посеале... Вистинските права се резултат на извршување должност... Онаму каде што секој бара права, кој на кого ќе му ги даде?".[12]

Ганди се однесувал со голема правда кога требало да се наплатат трошоците за одбрана на клиентите: „Кога клиентот добива или губи, јас ги очекувам само вистинските трошоци".[13]

Спротивно на Ганди, поголем број адвокати во Македонија покажуваат голема слабост кон парите, не водејќи сметка за правото и правдата. Тие на адвокатурата гледаат како на професија преку која можат на лесен начин да дојдат до пари. Некои од нив зборуваат отворено: „Мене ме интересираат парите, и ништо друго".[14]

И на крајот, Ганди ја практикувал адвокатурата во јавен интерес, со поширока поддршка на јавноста. Тоа значи дека водел сметка за адвокатурата како средство за афирмација на јавните интереси, а не како средство за остварување на приватни цели или на интересите на клиентот. Овој негов пристап кон адвокатската професија треба да најде поширок одглас во адвокатурата на Република Македонија.

Ганди се борел да победи вистината, а не интересот на клиентот: „Уште како студент слушав дека правничката професија е професија на итреци, но тоа немаше никакво влијание врз мене, бидејќи немав намера да ја злоупотребувам професијата или да заработувам пари со итрина".[15]

Заради таквиот однос, сите негови клиенти му станале пријатели и соработници во неговото големо движење за остварување на вистината преку ненасилни средства (Satygraha).

Во темелите на ова движење е повеќегодишната адвокатска практика на Ганди. Затоа може да се каже дека Satyagraha е родена од адвокатурата како

---

[9] Основен суд Скопје I - Скопје, В. П. бр. 3646/05 нод 24.2.2006

[10] Ibid, p. 58

[11] Ibid, p, 177

[12] M.K. Gandhi, Hind Swaraj or Indian Home Rule, Navijivan Publishing House, Ahmedabad – 380 014, 2005, p. 62 - 64

[13] M.K. Gandhi, An Autobiography or The Story of my Experiment..., p. 177

[14] Пример на таков адвокат е адвокатот на обвинетиот во предметот поврзан со узурпацијата на етажната сопственост во универзитетската зграда на Кеј 13 ноември, бр. 20 ( В.П. бр. 3646/05).

[15] M.K. Gandhi, An Autobiogrphy or the Story of may Experiment... p. 177

практикување на вистината, олицетворена преку личниот пример на Ганди, како адвокат.

Односот на адвокатот кон клиентот, кон вистината и кон јавниот интерес во Гандиевска смисла, е вистински критериум за оценување на македонската адвокатура како јавна служба.

Тоа треба да го знаат сите адвокати во Македонија, особено новите што пристигаат во редовите на македонската адвокатура.

Тоа треба да го знае и Уставниот суд на Република Македонија, Министерството за правда и Комората на нотарите на Република Македонија. Министерството за правда треба да создава услови за развојот на адвокатурата како јавна служба која врши функции од јавен (државен) интерес во сферата на правдата. Уставниот суд, кога ја оценува уставноста и законитоста на општите акти на АКРМ, треба да води сметка дека со адвокатската дејност можат да се занимаваат само лица со високи морални и стручни стандарди. Нотарската комора мора да биде претпазлива кога навлегува во областа која традиционално припаѓа на адвокатската дејност.

II

Satyagraha е синтагма составена од два збора. Првиот збор е Satya, што значи вистина проткаена со љубов, а вториот збор е Аграха, што значи цврста определеност или посветеност. Земено во целост, Satyagraha е индиско ненасилно движење кое претставува сила произлезена од љубовта и вистината.[16]

Ганди ја објаснува Satyagraha како „сила од која се раѓа вистината и љубовта, со ненасилни средства”.

Движењето Satyagraha започна на 11 септември 1906 година, во Јоханесбург, Јужна Африка, во услови на груба дискриминација на обоеното население (Индијци и Африканци).

Затоа овој ден се смета за роденден на ненасилното движење на Ганди, од кое ќе произлезе во 1947 година и осамостојувањето на Индија од Велика Британија. Овој датум, Кенет Каунда, поранешен претседател на Замбија, го смета за многу значаен датум за светската историја. Според него, 11 септември 1906 година е позначаен за светот отколку 11 септември 2001 година.

Според Ганди, ненасилството е најголема сила со која располага човештвото. Таа сила е посилна и од најдеструктивното оружје што го измислил човекот, вклучувајќи ги и атомските бомби. Силата на оружјето е безмоќна кога е споредена со силата на љубовта или на душата (Ахимса).

Еве како тоа го објаснува Ганди во 1909 година: „Силата на љубовта е иста како силата на душата или на вистината. Имаме докази за нејзината сила на секој чекор. Вселената би исчезнала без постоење на таа сила... Фактот дека има толку многу луѓе се уште живи во светот, покажува дека тој не е заснован на силата на оружјето, туку на силата на вистината или љубовта. Затоа најголем и најнеспорен доказ за успехот на оваа сила е фактот што и покрај војните во светот, таа сè уште опстојува”.[17]

Сатјаграха значи и давање пасивен отпор. Пасивниот отпор Ганди го објаснува на следниов начин: „Пасивниот отпор е метод за обезбедување права преку лично страдање, тоа е спротивно на отпорот со оружје. Кога ќе одбијам да направам

---

[16] M.K. Gandhi, *The birth of Satyagraha (100 Years of Satyagraha – Mahatma Gandhi a Pictorial Album),* Photo Division, New Delhi, 2007, p. 5

[17] Ibid. p. 66-68

нешто што е спротивно на мојата совест, користам душевна сила. На пример, сегашната Влада спроведува закон кој ме засега мене. Тој не ми се допаѓа. Ако со користење на сила ја присилам Владата да го повлече законот, јас ја користам таканаречената телесна сила. Ако не му се потчинам на законот и ја прифатам казната за непочитување, ја користам душевната сила, која вклучува саможртвување".[18]

Според Ганди, саможртвата е посупериорна од жртвувањето на другите. Ако овој вид сила се употребува за кауза која е неправедна, само оној кој ја употребува страда. А, Ганди лично страдал многу пати, во Јужна Африка и во Индија, поминувајќи подолго време во затворите.

Како млад адвокат во Јужна Африка свесно се бунтувал против неправедните закони, како што бил Законот за расна дискриминација од 1888 година, со кој им се забранувало на Индијците и другите обоени лица да се движат по парковите и да излегуваат од домовите по 21 часот навечер или да се возат во прва класа заедно со белците.[19]

Ганди не ги прифаќал неправедните закони на Велика Британија. Тој се залагал за нелојалност кон неправедните закони, со следно образложение: „Кога не ни се бендисуваат одредени закони, не ги кршиме главите на законодавците, туку ние страдаме и не им се потчинуваме на законите. Дека треба да им се потчиниме на законите, без разлика дали се добри или лоши, е нова модерна замисла. Немаше таква работа во минатото. Луѓето не ги почитуваа законите кои не ги сакаа и ги трпеа казните за нивно непочитување. Спротивно е на нашата машкост, ако им се потчиниме на законите  спротивни на нашата совест... Ако владата бараше да одиме без алишта, дали ќе го направевме тоа? Ако јас бев некој кој дава пасивен отпор, би им кажал дека не сакам да имам ништо со нивниот закон. Но, ние толку се заборавивме себеси и станавме послушни, што не ни пречи кој било деградирачки закон".[20]

Пасивниот отпор, т.е. душевната сила е неспоредлива. Посупериорна е од силата на оружјето. Дури и човек чиешто тело е слабо, може да пружи таков отпор. Еден човек може да пружи отпор исто како и милиони луѓе. Тоа е случај со отпорот на Ганди.

И мажите и жените можат да му се одадат на пасивниот отпор, само ако се храбри. Човек кој нема храброст, не може да пружа пасивен отпор.

Ганди имал храброст да застане на чело на ненасилниот отпор против империјалното владеење на Велика Британија, по неговото враќање во Индија во 1914 година, по 21 година практикување адвокатура во Јужна Африка.

Неговото ненасилно движење даде плод. Тоа успеа да ја ослободи Индија во 1947 година, по двесте години владеење на Британската империја. Заради тоа, Ганди стана татко на Индија (Бапу), со неизмерна почит од страна на обичните луѓе и денес, по шеесет години од неговото убиство.

Сатјаграха даде плод и во Јужна Африка. Таа земја е позната со три носители на Нобелова награда за мир: Личули, Туту и Мандела. Во својата борба против Апартхејдот во Јужна Африка, Мандела се потпираше цврсто цели 27 години врз Гандиевото учење за ненасилниот отпор. Затоа Ганди е  омилен во Јужна Африка исто толку колку што е омилен и во Индија.

---

[18] Ibid, p. 69

[19] M.K. Gandhi, *An Autobiography or The Story of my Experiments with Truth*, …p. 56

[20] M.K. Gandhi, Hind Swaraj or Indian Home Rule, Navajivan Publishing House, Ahmedabad, 2005, p. 69-70

Со право Соња Ганди изјави: „Движењето Сатјаграха го промени курсот на историјата”.[21] Промена на курсот во работата на АКРМ и однесувањето на адвокатите, може да изврши и делото на Махатма Ганди „Хинд Сварац” или „Индиска самоуправа”.

III

Делото „Хинд Сварац” или „Индиска самоуправа” е прифатено од страна на Управниот одбор на АКРМ како испитна литература за подготовка на Адвокатскиот испит по предметот Адвокатска етика. Тоа е ретко вредно дело од областа на адвокатската етика.

Вие сте први во Македонија кои го откривате и кои го воведувате во адвокатските редови како литература. За таа ваша доблест признание ќе ви оддаде целокупната интелектуална јавност во Македонија, особено правната струка (Опинио јурис). Станува збор за дело кое е непознато во Македонија и запоставено во Европската унија.

Делото „Хинд Сварац” или „Индиско домашно право” е отпечатено во 1909 година, во близината на Дурбан, Јужна Африка, во печатницата формирана од Махатма Ганди во 1903 година. Имав можност лично да ја видам зградата во која беше сместена печатницата. Тоа беше во 1998 година, за време на одржувањето на Конференцијата на Меѓународната асоцијација за истражување на мирот (ИПРА), во Дурбан, Јужна Африка.

Делото е прво објавено на гуцарат, а една година потоа, во 1910 година на англиски јазик. Делото „Хинд Сварац” или „Индиска самоуправа” е напишано во облик на дијалог. Дијалогот се води помеѓу читателот и уредникот. Всушност, Ганди води дијалог со самиот себе.

Зборот „сварац” се среќава во хинду јазикот, особено во Ведите. Во превод, зборот сварац значи право. Хинду сварац значи индиско право.

Во делото „Хинд сварац” или „Индиска самоуправа” постои едно поглавје посветено на адвокатите. Во тоа поглавје, Ганди дава неколку констатации и оценки за индиските адвокати од времето на владеењето на Велика Британија со Индија.

Во врска со адвокатите, Ганди го констатира следново:

„Моето силно убедување е дека адвокатите ја поробија Индија, ги продлабочија хинду-мухамеданските несогласувања и ја зацврснаа англиската власт”;

„Оние кои знаат нешто за хинду-мухамеданските кавги, знаат дека тие често биле предизвикани од адвокатите. Некои семејства биле уништени преку нив, тие направиле браќа да бидат непријатели”;

„Како по правило, адвокатите повеќе ја продлабочуваат кавгата меѓу луѓето, отколку што ја спречуваат”;

„Луѓето ја одбираат адвокатската професија, не со цел да им помогнат на другите, туку за да се збогатат”;

„Она што се однесува на адвокатите се однесува и на судиите, тие се први братучеди, и едните им даваат сила на другите”.[22]

Ганди признава дека наведените констатации не се однесуваат за сите адвокати во Индија. Тој знаел дека има и адвокати кои се бореле за независна Индија. Таков бил, на пример, Џаваралхарал Нехру, кој неколку децении се бавел со адвакатура, почнувајќи од 1912 година.

---

[21] Sonia Gandhi, Inagural Address on ,,Peace, Nonviolence & Empowerment Gandhian Philosophy in the 31 st Centery, New Delhi, 2007, p. 1

[22] M.K. Gandhi, Hind Swaraj or Indian Home Rule, Navajivan Publishing House, Ahmedabad, 2005, p. 47-50

И Нехру бил адвокат со високи морални и стручни стандарди. Со високи морални стандарди ја обавувал и премиерската функција од 1974 до 1964 година. Тоа се гледа од неговата изјава која доминира во Меморијалниот музеј во Њу Делхи: „Ме викаат прв министер, а јас би сакал повеќе да ме викаат прв слуга на Индија".

Исто така, Ганди го познавал и адвокатот Мономохан Гос кој бесплатно ги бранел сиромашните во Индија. Ганди совршено знаел дека има адвокати кои го покажуваат патот кон правдата, дека работата на Индискиот национален конгрес многу зависи и од адвокатите и дека има голем број случаи кога адвокатите направиле добро.

Меѓутоа, доброто се должи на нив како луѓе, а не како адвокати: „Адвокатите се исто така луѓе, а во секој човек има нешто добро". [23]

Ганди прави јасна разлика помеѓу етиката и професијата: „Се што сакам да ви кажам е дека професијата учи на неморал; таа е изложена на искушенија од кои само неколкумина се спасиле".[24]

Најмногу поради последната реченица дојдов во Охрид да ви зборувам за Ганди. Наведената оценка се однесува на сите професии, а особено на лекарите, универзитетските професори и на адвокатите.

Сакав да ви ја соопштам непосредно, со желба да имате подобар Етички кодекс за адвокатите, адвокатурата да стане силна јавна служба во областа на правото и АКРМ да ужива широка поддршка од македонската и од европската јавност.

Книгата „Хинд Сварац" или „Индиска самоуправа" е најдрагоцениот подарок што македонските претставници од Конференцијата во Њу Делхи го донесоа во Македонија.

23 мај 2007, Дојран

[23] Ibid, p. 48
[24] Ibid, p. 48



**Проф. д-р Милан Милошевиќ**
Криминалистичко-полициска академија, Белград

# ПОСЕБНИ ДОКАЗНИ ПОСТАПКИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Познато е дека недостатокот на универзално-прифатената дефиниција на организираниот криминал, спаѓа во клучните проблеми за неговото спречување и сузбивање. Меѓутоа, во практиката постои согласност во однос на сфаќањето на тој феномен, како облик на професионален криминалитет, чија цел е стекнување или зголемување на финансиската добивка или моќ. Ова гледиште го има прифатено и законодавецот на Р.Србија, во новиот Законик за кривична постапка (Сл. Весник РС, бр.46/06, 49/07), кој веќе стапил во сила, но во практика ќе се применува од 1 јануари 2009 година. Имено, во согласност со законодавецот, изразот: „организиран криминал„" се однесува на случаите на основано сомнение, дека станува збор за кривично дело за кое е пропишана казна затвор од 4 години, или потешка казна, а подразбира делување на три или повеќе лица здружени во криминална организација или група, чија цел е извршување на тешки кривични дела, заради стекнување на добивка или моќ.

Според тоа, согласно со чл.21 од ЗКП, неопходно е да бидат исполнети уште најмалку три од следниве услови:

1. Секој член на криминалната организација, да има однапред одредена, т.е.очигледно одредлива задача или улога;
2. Дејствувањето на криминалната организација, да е планирано на подолго време, или на неограничен временски период;
3. Дејствувањето на организацијата да е засновано на примената на одредени правила на внатрешна контрола и дисциплина на членовите;
4. Плановите за дејствување на организацијата да бидат во меѓународни размери;
5. Во своето делување да применува насилство или застрашување, или да постои подготвеност за нивна примена;
6. Во вршењето на дејноста, да користат стопански или деловни структури;
7. Да биде застапено перењето на пари, или незаконското стекнување на добивка;
8. Организацијата да има свое влијание или удел, врз политичката власт, средствата за јавно информирање, законодавната, извршната или судската власт или на други важни економски или политички субјекти;

Од друга страна, всушност, сите современи законодавства предвидуваат примена на мерките на тајното - проактивно присобирање на постапки и докази. Ratio

legis во примената на посебни доказни постапки (специфични истражни техники). Предистражната и истражната постапка, се темелат на заклучокот дека класичните, во практика вообичаени доказни методи, не се доволни во борбата против најтешките облици на криминал, а посебно на оние кои имаат меѓународен карактер. Во таа смисла е и нормативизирањето на специјалните истражни техники во Р. Србија, засновано на позитивните искуства на правосудните органи од другите земји.

Заради природата на истражување на најтешките кривични дела и нивните сторители, примената на специјални истражни техники, при крајот на 20-от век, се здобила и со меѓународно имплементирање. Имено, одредени околности еволуирале во qonditio sine qua non, ефикасно и законско користење на таквите методи. Така од Резолуцијата на 16-иот конгрес на Меѓународното здружение на кривичното право (АДИП), во Будимпешта 1999 година, произлегува дека, резултатите добиени по пат на специјални истражни техники, можат да се користат како валиден доказ во кривичната постапка, но само под следниве одредени услови:

1. Да се изрично предвидени со закон (начело на легалитет);
2. Да не постои поблага мера за остварување на истата цел (начело на супсидијарност);
3. Да се работи за многу тешки кривични дела (начело на сразмерност);
4. Претходно да е добиена согласност од судија или да се одвива под негов надзор (начело на судски надзор);

Очигледно е дека законодавецот на Р. Србија, конкретно се држи до споменатите препораки, во случаите кога ги нормирал посебните доказни постапки (специјални истражни техники), во глава 7 од ЗКП.

Конкретно во такви доказни постапки, спаѓаат:

1. Таен, звучен и оптички надзор на осомничениот;
2. Овозможување на симулативни работни услови и склопување на симулативни правни работи;
3. Ангажирање на таен иследник;
4. Контролирана испорака;
5. Автоматско, компјутерско пребарување на лични податоци;
6. Сослушување на сведок- соработник;

Така,[25] Истражниот судија, врз основа на писмен и образложен предлог на[26] Јавниот обвинител, може да нареди да се изврши таен, звучен и оптички надзор врз осомничениот, за кривичните дела:

1. Кои спаѓаат во организиран криминал;
2. Против уставното уредување и безбедноста на републиката;
3. Против човечките и други добра, заштитени со меѓународното право;
4. Убиство, тешко убиство, сериско силување (не постои како посебна инкриминација), разбојноштво, кражба, фалсификување на пари, перење на пари, затајување на данок, неовластено производство, држење и ставање во промет на опојни дроги, недозволено држење на оружје и експлозивни материи, давање и земање поткуп, злоупотреба на службена должност, уцена, принуда и киднапирање (чл. 146 ЗКП). Под одредени услови, можно е да се примени оваа доказна постапка, ако постојат посебни околности, кои укажуваат дека се подготвува некое од кривичните дела, во поглед врз кои инаку е дозволена нивна примена. Значајна новина во Законикот е користењето на попатни т.е. случајни наоди и кога со примена на ваквите мерки ќе се дојде до докази кои не се однесуваат на делото за кое е

[25] ИС - Истражен судија;
[26] ЈО - Јавен обвинител;

покрената постапка, туку се однесуваат на кривично дело , кое спаѓа во групата на кривични дела , врз кои таа мерка може да биде превземена. Траењето на овие мерки е до три месеци, по исклучок можат да бидат продолжени за уште три , но само поради важни причини.

Образложената наредба на Истражниот судија, ја извршуваат овластени службеници на крим-полицијата или безбедносно информативни агенции, додека пак поштенските, телеграфските и другите службеници чија должност е да пренесуваат информации (пр. провајдери), се обврзани да го овозможат тоа. По извршувањето на дадените мерки од полицијата т.е. БИА, ќе бидат доставени снимки и извештаи без одлагање на Истражниот судија, на кој начин тој би се запознал со материјата добиена на овој начин. Ако податоците добиени со примена на оваа техника на тајна опсервација, не се од значење за водењето на кривичната постапка, или ако ЈО изјави дека против осомничениот нема да побара поведување на истражна постапка, целиот собран материјал ќе се уништи под надзор на Истражниот судија, кој пак за тоа ќе состави записник. Спрема лицето за кое постои основано сомнение дека сторило кривично дело на организиран криминал, Истражниот судија , а по барање на ЈО, може да одобри примена на посебни доказни постапки на давање на симулативни работни услуги, составување на симулативни правни работи. Исто така е можно и лицето спрема кого се одредува таква постапка , само или заедно со други лица да извршило : фалсификување на пари, перење на пари, неовластено производство, продавање опојни дроги, недозволено чување на оружје и експлозивни материи, трговија со луѓе, трговија со деца заради посвојување, давање и примање поткуп, злоупотреба на службена положба, а под одредени услови и во случаите на нивно подготвување (чл.148 ЗКП). Услов за тоа е даденото кривично дело на друг начин да не би можело да се открие, докаже, или спречи, или тоа би било поврзано со значителни тешкотии, или би настанале непоправливи штетни последици.

Давањето на **симулативни** правни услуги или **симулативни** правни работи, по правило може да трае девет месеци, а на образложен предлог на ЈО, ИС, може да ги продолжи најмногу до три пати, во траење од три месеци. Ваквите дејствија ги превзема полицијата, т.е. БИА, која за тоа составува дневни известувања. Споменатите извештаи заедно со собраната документација, се доставува на ИС и ЈО, на нивно барање. По извршувањето на овие посебни доказни постапки, полицијата т.е. БИА, на ЈО и на ИС, им доставува посебен извештај и целокупната документација за превземената работа, фотографии, видео, звучни или електронски записи, и сите други докази кои се собрани во текот на таа доказна постапка. Лицето, кое по основа на наредба на ИС, учествува во давање на симулативни работни услуги и составување правни работи (пр. корупција или купување предмети од кривично дело), не би одговарал за кривично дело, предвидено со КЗ на РС. Во врска со тоа треба да се напомене дека собраните податоци со примена на оваа посебна доказна постапка, која се однесува на деликт, а не е кривично дело на организиран криминал (чл.21 ЗКП), или кривично дело кое би можело да има таен, звучен или оптички надзор (чл. 146 ЗКП), не можат да се користат во кривична постапка која се води за тоа кривично дело.

По барање на ЈО, ИС може да одреди и ангажирање на прикриен (таен) иследник, заради разјаснување и докажување на кривичното дело, сторено од страна на најмалку три лица, кои се организирале заради извршување на кривично дело, ако околностите на случајот укажуваат на тоа дека, на тој начин кривичното дело би се разјаснило и докажало, што на друг начин не би можело да се стори, или би наишло на потешкотии (чл.151 ЗКП). Тајниот иследник, во текот на своето ангажирање, по потреба поднесува периодични извештаи на својот непосреден старешина, ИС и ЈО.

При исполнување на наведените услови, оваа посебна доказна постапка може да се одреди ако постои основано сомнение, дека е направено некое од следните кривични дела: против уставното уредување и безбедноста на Р. Србија; против човечките и другите добра, заштитени со меѓународното право, организираниот криминал (чл. 151 ст. 2 и 3 ЗКП). Оваа посебна доказна постапка трае онолку време колку што е потребно да се соберат докази, а најдолго шест месеци. По нејзиното завршување, лицето кое било во функција на прикриен иследник, мора да поднесе завршен извештај на ИС и ЈО.

Прикриениот иследник го одредува Министерството за внатрешни работи или друго овластено лице (пр. директор на полиција), т.е. директорот на БИА. Се прецизира дека прикриениот иследник по правило е овластен полициски службеник, а по исклучок пензиониран припадник на полицијата, службеник на БИА или некој друг државен орган. Меѓутоа, изречно се забранува тоа да биде лице за кое постои сомнеж дека припаѓа или припаѓал на организирана криминална група, или лице кое е осудено за тешко кривично дело (чл.151 ст.6 и 7 ЗКП). Прикриениот иследник не смее да провоцира за извршување на кривично дело, а во случај тој самиот да изврши кривично дело, може да се применат одредбите на КЗ за нужна одбрана или крајна нужда (153 ЗКП).

Сослушувањето на прикриениот иследник во својство на сведок, предвидено е само како исклучок и пропратено со посебни мерки на заштита. Тоа значи дека сослушувањето може да биде и јавно, но технички да биде изведено така што неговиот идентитет да не може да му се открие. Самото сослушување мора да се изврши на начин кој ќе го овозможи зачувувањето на идентитетот на прикриениот иследник, со тоа што неговите податоци се, всушност, службена тајна. Во секој случај, судската одлука нема да може да се заснова само на исказот на прикриениот иследник, кој е сослушан како сведок. Се претпоставува дека од неговите активности, доколку тој ги изврши на квалитетен начин, би се добиле и други докази, а посебно треба да се има во предвид неговата можност да прислушкува и снима разговори, бидејќи таквите снимки ќе бидат процесно валидни.

Контролираната испорака се спроведува според правилата на Обединетите нации, а нејзин предмет обично претставува инкримираната стока ( пр. дрога, оружје, злато, токсички отпад, украдени автомобили), но тоа може да бидат и живи суштества (илегални имигранти во транзит, жртви на секс-трафингот) и електронски записи (пр. компјутерски записи со детска порнографија). Оваа мерка на тајна полициска опсервација, со која се дозволува илегалните или сомнителните пратки да излезат, да преминат, или да навлезат на територијата на една или повеќе држави, а за што знаат и ги држат под надзор надлежните органи, со цел да се спроведе истрагата, не ја одобрува судот туку ЈО, а ја спроведуваат полициските или други одговорни државни органи, кои за тоа се стручно, кадровско и технички оспособени и опремени. Поточно кажано, писменото одобрување го издава републичкиот ЈО, и тоа за секоја испорака посебно. Тој го одредува и начинот на спроведување на овие посебни доказни постапки (чл. 154 ст. 1 и 6 ЗКП). Автоматското, компјутерско пребарување на лични и други податоци, се состои во програмско пребарување на веќе постоечки лични и со нив поврзани податоци и нивно автоматско споредување со податоците кои се однесуваат на извршен деликт од одреден корпус на кривични дела и лице кое би можеле да го поврземе со тоа дело, па на тој начин би можеле да исклучиме некои други лица како можни осомничени, а да ги издвоиме оние лица за кои се собираат податоци, од кои пак произлегува основното сомнение, (чл. 155 ст.3 ЗКП). Оваа наредба, по правило ја издава ИС, по предлог на ЈО, но во случај на итност, ЈО може и сам да ја донесе таа одлука, која мора во рок од 24 часа, да ја поднесе за

потврдување од страна на ИС. Станува збор за целосно нова посебна доказна постапка во законодавството на Р. Србија, која може да трае најдолго три месеци, но од важни причини, нејзиното траење може да се продолжи за уште три месеци.

Автоматското компјутерско пребарување на лични и други податоци, може да го спроведува полицијата, БИА, царината, или други државни органи, т.е. други правни лица, кои вршат јавни овластувања и тоа за кривичните дела:

1. кои спаѓаат во организиран криминал;

2. против уставното уредување и безбедноста на Р. Србија;

3. против човештвото и другите добра кои се заштитени со меѓународното право;

4. против слободата;

5. убиство, тешко убиство, разбојништво, разбојничка кражба, фалсификување на пари, перење пари, недозволено производство, чување и пуштање во промет на опојни дроги, недозволено чување оружје и експлозивни материи, давање и примање поткуп, злоупотреба на службената должност, уцена, принуда, трговија со луѓе, трговија со деца поради посвојување (чл.155 ЗКП). Оваа посебна доказна постапка, исклучиво може да се примени и ако посебни околности укажуваат дека се подготвува некое кривично дело, од претходно таксативно наброените кривични дела, а околностите покажуваат на тоа дека извршувањето на кривичното дело на друг начин нема да може да се спречи или таквото спречување би било значително отежнато, т.е. би настапиле значително непоправливи штетни последици по животот или по здравјето на луѓето, т.е. значителни имотни загуби.

Во крајност, ЈО може на судот да му предложи како сведок -соработник, да се сослуша лице за кое постои основано сомнение дека е тој член на организирана криминална група или организација, против кого е донесено решение за спроведување истрага или веќе покренато непосредно обвинение (тужба) за дело на организиран криминал, а за што постои признание во целост, кое е поткрепено со други докази (чл. 156 ЗКП). Истото важи и за оние припадници на групи или организации кои се составени од три или повеќе лица, а кои се организирани за вршење на кривични дела против уставното уредување и безбедноста, како и дела против човечноста и меѓународното право.

Едно лице за да може да стане сведок-соработник, потребно е да ги исполнува следните услови:

1. Со оглед на природата и околностите на кривичното дело, во однос на кое постои основано сомнение, да произлегува дека тоа лице го сторило целисходно;

2. Основано може да се очекува дека значењето на неговиот исказ во поглед на откривањето, докажувањето или спречувањето на други кривични дела на криминалната оргнизација би дошло првенствено во предвид, отколку штетните последици на кривичното дело за кое постои основано сомнение дека го сторил;

3. Кон постојната извршена работа, може основано да се претпостави дека со утврдување на важните податоци во кривичната постапка, би било невозможно или значително отежнато, доколку сведокот- соработник не би бил сослушан. Од друга страна, сведокот -соработник не може да биде лице за кое постои основано сомнение дека ја организирал крим-групата, или лице кое подолг временски период раководело со крим-групата;

Јавноста се исклучува од сослушување на сведокот -соработник, освен ако на предлог на ЈО и со согласност на сведокот - соработник не се одлучи поинаку, кој инаку пред судот има дадено исказ во согласност со обврските кои произлегуваат од чл. 157 ЗКП, дека ќе ја зборува вистината за сè што му е познато, и дека ништо нема да премолчи, т.е. дека нема да ја искористи законската погодност „ослободување од

должноста да сведочи и должност да одговара на одделни прашања, за што е одмерена казна во граници пропишани со КЗ за кривично дело на организиран криминал за кое се води постапка, кое го признал, и за кое е докажано дека го сторил, со што во таков случај одмерената казна се намалува за една половина. Во крајност дозволено е дури и судот, а на предлог на ЈО, сведокот - соработник кого ќе го прогласи за виновен, да го олободи од казна (чл. 163 ст.3 ЗКП).

Доколку сведокот-соработник, не постапи во согласност со обврските кои произлегуваат од чл. 157 ЗКП, тој го губи својството на сведок-соработник. Во тој случај, кривичното гонење против него продолжува, а казната му се изрекува во согласност со пропишаното во КЗ. Исто така, лицето го губи својството на сведок-соработник по одлука на ЈО, ако пред да настапи праавосилноста на постапката, изврши некое ново кривично дело на организиран криминал. Кога лицето ќе го изгуби претходно споменатиот статус, од списите на кривичниот предмет се издвојуваат записници од сите искази кои ги има дадено како сведок - соработник и тие понатаму нема да можат да се искористат како доказ во кривичната постапка.

**Д-р сц. Исмаил Зејнели**
**Д-р сц. Бистра Неткова**

# ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ЗАШТИТАТА И ПОМОШТА НА ЖРТВИТЕ ОД ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Процесот на заштита и помош на жртвите од трговијата со луѓе е особено значаен сегмент во целокупната борба против трговијата со луѓе. Токму овој сегмент во борбата против трговијата со жени, вистински и експлицитно ја отсликува димензијата на алатки и мерки за заштита на човековите права, кои Р. Македонија ги усвои и имплементира поради успешна борба против трговијата со жени, која пак се огледа во заштитата и помошта на жртвите од трговијата. Во секој случај, на Р. Македонија и преостанува да изоди долг пат во однос на помошта и заштитата на жртвите од трговијата, како што впрочем препорача и Комитетот за елиминација на дискриминацијата против жените (CEDAW): „Државата странка да ги зголеми своите напори во превенцијата од трговијата со луѓе и да обезбеди помош и поддршка за жените кои се жртви од трговијата"[27].

Овој сегмент од борбата против трговијата со жени во Р. Македонија го опфаќа транзитниот центар за жените кои се жртви од трговијата и програмата за заштита на сведоци.

### Шелтер-центри за жртвите од трговијата - Транзитен центар Гази Баба

Во Р. Македонија има само еден шелтер центар за жртвите од трговијата со луѓе. Како и да е, од самото негово отварање, овој центар игра круцијална улога во однос на заштитата на жртвите од трговијата и истиот докажа дека е значаен и интегрален дел на мерките во борбата против трговијата со луѓе.

Транзитниот центар за странци и азиланти „Гази Баба" беше формиран на 4 април 2001[28]. Од тогаш, сите жртви од трговијата се праќаат таму, каде остануваат згрижени се до нивното доброволно враќање[29]. Центарот е дел од Министерството за

[27] Комитет за елиминација на дискриминацијата против жената, завршни коментари на Комитетот за елиминација на дискриминацијата против жената: Поранешна Југословенска Република Македонија, триесет и четврта сесија 16 јануари-3 февруари 2006, CEDAW/C/MKD/CO/3, para 22.

[28] Зорица Милковска, Подложни општествени групи и нивна заштита како жртви на трговијата со луѓе и како сведоци во кривичната постапка (Преглед на состојбата во Република Македонија), Збирка есеи за трговијата со луѓе, IOM, 64-68, на 64.

[29] Билјана Пандиловска, Трговијата со луѓе - современо ропство и улогата на институциите во борбата против овој феномен, Збирка есеи за трговијата со луѓе, IOM, 56-58, на 58.

внатрешни работи (МВР) и има општ капацитет за згрижување на 40-50 жртви[30]. Досега во центарот биле сместени околу 540 жртви од трговијата со луѓе[31].

Жртвите се згрижуваат во Транзитниот центар по постапката за нивно препознавање како жртви, која е под надлежност на МВР и истите остануваат таму се додека самите доброволно не се вратат во земјите од кои потекнуваат. Имајќи го на ум статусот на спасените жени од трговијата со луѓе, како жртви на кои им се заканува опасност од понатамошно прекршување на нивните човекови права, особено поради нивното учество во судските процеси против „трговците", постапките кои беа усвоени во раководењето на овој центар ги вклучуваат следните мерки [32]:

- Сите информации за достапноста, статусот и состојбата на жртвата се доверливи и можат да се добијат единствено од одделот за организиран криминал на МВР. МВР не издава никакви информации за жртвите без нивна писмена дозвола, освен во случаи кога е тоа апсолутно неопходно поради заштита на правата на други жртви од трговијата, поради апсење на „трговците" и превенција од трговија со потенцијалните жртви на трговијата со луѓе.

- Одделот за борба против трговијата со жени при МВР е обврзан истиот или најдоцна наредниот ден да им ги достави на жртвите поканите издадени од јавното обвинителство, истражните судии и други судски органи.

- Оваа мерка и овозможува на жртвата да биде информирана за нејзиниот статус на сведок и да има доволно време да добие правни совети, а воедно и да добие помош од страна на овластени правни советници.

- Упатување на дополнителни податоци и поддршка за институциите кои го спроведуваат правото поради извршување на работните задачи на јавниот обвинител, а кои се однесуваат на собирањето информации од жртвите на трговијата во транзитниот центар поради превенција од понатамошна злоупотреба на правата на жртвата и нејзино повторно виктимизирање.

Сите жртви сместени во транзитниот центар добиваат правна помош и на истите им се нуди професионална пост-трауматска општествено реинтегративна психо-социолошка терапија и совети од професионалци[33]. Освен финансиската и другата помош, жртвите добиваат и бесплатна правна помош, совети и правна застапеност.

### Дозволи за привремен престој во Р. Македонија за жртвите од трговијата со луѓе и можност за азил

По спасувањето на жртвите, повеќето од нив остануваат во транзитниот центар за времетраењето на правните постапки или истите се испраќаат доброволно дома пред завршувањето на судската постапка против „трговците". Во секој случај, потребата од регулирање на можноста за дозволи за привремен престој стана главен предуслов за успешно судење на „трговците". На 11 декември 2004, Македонија заедно со други држави од Југоисточна Европа, го потпиша извештајот од Тирана во

[30] Податоци собрани од Министерството за внатрешни работи, февруари 2006.

[31] Зорица Милковска, Подложни општествени групи и нивна заштита како жртви на трговијата со луѓе и како сведоци во кривичната постапка (Преглед на состојбата во Република Македонија), Збирка есеи за трговијата со луѓе, ЮМ, 64-68, на 64.

[32] Практикум за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција, ЮМ уредници Јелена Красиќ и Владимир Данилов, 2005.

[33] Практикум за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција, ЮМ уредници Јелена Красиќ и Владимир Данилов, 2005.

однос на залагањето за легализација на статусот на жртвите од трговијата. Според овој документ, дозволата за привремен престој претставува поттикнувачка соработка во однос на спроведувањето на правото и им овозможува на жртвите закрепнување и реинтеграција[34]. Земјите учеснички на овој трет регионален министерски форум признаа дека можноста за вакво олеснување во однос на имиграциониот статус е суштествено поради закрепнувањето на жртвите и „ги зголемува" можностите за примена на правото од страна на државите преку обезбедување на механизам за да се осигура критичкото сведочење на жртвите од трговијата во судскиот процес против нивните „трговци"[35].

Р. Македонија го регулираше овој проблем во Законот за странци од февруари 2006 година. Како што е предвидено со Казнениот законик на РМ, издавањето на дозволи за привремен престој од хуманитарни причини и ја нагласува можноста за издавање на вакви дозволи и за странци кои не ги исполнуваат условите за тоа, но се сметаат за сериозни можни жртви на криминалната појава „трговија со луѓе"[36].

Според законот, општиот временски период за престој во Р. Македонија изнесува три месеци, во кој жртвите можат да закрепнат и да размислат за учество во судењата против трговците[37]. Во секој случај, законот предвидува можност за продолжување на престојот до шест месеци со можност за повторно продолжување доколку присуството на странецот е неопходно за звршување на судската постапка или доколку странецот покажува јасна желба да соработува во откривањето на извршителите при спроведувањето на правото или доколку странецот остварил контакт со „трговците"[38].

Институција одговорна за издавање на дозволи за привремен престој е Секторот за странци при МВР, кој делува по предлог на други установи за спроведување на правото[39]. Во секој случај, Законот не предвидува можност и НВО да предлагаат издавање на дозволи за привремен престој. Овој нов закон овозможува подолг период за закрепнување на жртвата од трговијата и истиот ќе биде од голем придонес за успехот на случаите против трговците и за безбедноста и психолошката состојба на жртвите од трговијата.

Во секој случај, значајно е да се разработат добри параметри за препознавање на жртвата кои ќе служат за издавање на дозволата за привремен престој, а тоа може да се очекува со разработувањето на новиот закон за борба против трговијата со луѓе, чие создавање беше предложено, а предлогот беше усвоен од Собранието на Р. Македонија. И на крај, исто така, можно е на жртвите од трговијата да им биде доделен статус на бегалци или азиланти според одредбата за хуманитарна заштита од Македонскиот закон за азил и времена заштита[40]. Членот 2 од Законот за азил и времена заштита гласи:

Правото на азил е заштита која Република Македонија им го дава согласно условите и постапката предвидени со овој закон на следниве лица:

Признаен бегалец (бегалец според Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 и Протоколот за бегалци од 1967) и лице под хуманитарна заштита (според Конвенцијата за заштита на човековите права од 1950 год. и чл. 3 и Конвенцијата

[34] Пакт за стабилност на Југоисточна Европа, Борбата на Југоисточна Европа против трговијата со луѓе,2004
[35]Пакт за стабилност на Југоисточна Европа, Борбата на Југоисточна Европа против трговијата со луѓе,2004
[36] Член 77, Закон за странците
[37] Закон за азил и привремена заштита, Службен весник на Република Македонија, бр. 49/03 од 27.7.2003.
[38] Член 2, Закон за азил и привремена заштита, Службен весник на Република Македонија, бр. 49/03 од 27.7.2003.
[39] Закон за заштита на сведоците, Службен весник на Република Македонија, бр. 38 од 26.5.2005.
[40] Пакт за стабилност на Југоисточна Европа, Борбата на Југоисточна Европа против трговијата со луѓе, 2004.

против тортура и други форми на нечовечки и омаловажувачки казни или третман од 1984 год.[41]

Како и да е, во РМ сè уште не постои случај кога жртви од трговијата побарале азил. Можеби ваквата можност ќе биде искористена од страна на жртвите од трговијата преку нивните правни застапници во иднина.

### Заштита на сведоците во Р. Македонија

Во функција на имплементирање на правото за заштита на идентитетот и приватноста на жртвите од трговијата со луѓе и како резултат на итната потреба од мерки за заштита на учеството на жртвата како сведок во постапките против „трговците" од одмазда, заканување и повторна изложеност на трговија со луѓе[42]. Ова, заедно со измените на Законот за кривична постапка, дава солидни основи за овозможување на судењата против трговијата со жени и заштита на правата на жртвите од ваквата трговија кои имаат својство на сведоци во овие судски постапки. Како и да е, сè уште постои простор за понатамошно дејствување со оглед на фактот дека домашното законодавство сè уште не е целосно усогласено со меѓународното право во однос на овој проблем.

Овој закон во членот 2 ја пренесува *inter alia* дефиницијата како „лице чии лични или имотни права биле засегнати или загрозени со кривичното дело"[43].

Во секој случај, оваа дефиниција е доста скромна и ограничена. Во овој поглед, законодавецот требало да овозможи други две категории и да понуди соодветна дефиниција за потенцијалните и можни сведоци. Ова е поради тоа што кај кривичното дело „трговија со луѓе", жртвата е обично единствениот сведок без кој кривичните постапки би можеле да бидат оневозможени и поради тоа, суштествено е поодблиску да се дефинира положбата на жртвата, нејзиното учество во постапките и степенот на заштита и почит за физичкиот и морален интегритет. Наместо ова, Законот се фокусира главно на превенција од понатамошна виктимизација и добивање квалитетни извештаи.

Друга значајна новина воведена со овој закон е воспоставувањето на Совет за заштита на сведоците и единица за заштита на сведоците[44]. Единицата за заштита на сведоците функционира како дел од МВР и одлучува за мерките за заштита на сведоците и е одговорна за воспоставување соработка со соодветните власти поради заштита на сведоците во други држави[45]. Освен мерките за заштита, единицата треба да развие и мерки за правна, медицинско психолошка, финансиска и социјална помош за заштита на жртвите од трговијата, кои учествуваат како сведоци во постапките против трговците.

Како и да е, постои еден проблем поврзан со заштитата на човековите права на жртвите од трговијата кои учествуваат како сведоци. Имено, можноста за анонимност на сведоците во судската постапка и избегнувањето на директно соочување на обвинетиот и сведокот, предвидена во ЗКП, чл. 293[46], може да се судри со правото на обвинетиот за фер судење согласно со правото за човекови права.

---

[41]Член 2, Закон за заштита на сведоците, Службен весник на Република Македонија, бр. 38 од 26.5.2005.
[42] Член 6-11 и 12-14, Закон за заштита на сведоците, Службен весник на Република Македонија, бр. 38 од 26.5.2005
[43] Член 12-14, Закон за заштита на сведоците, Службен весник на Република Македонија, бр. 38 од 26.5.2005.
[44] Член 293, Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, бр. 15 од 7.3.2005.
[45] Член 293, Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, бр. 15 од 7.3.2005.
[46] Член 293, Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, бр. 15 од 7.3.2005.

Прашањето за заштита на жртвите кои учествуваат како сведоци во судските постапки против „трговците" е од особено значење, а еден од најголемите проблеми со кои се соочува обвинителството во однос на судењата е соочувањето на сведокот со обвинетиот, што е законско право на одбраната. Оваа практика изврши особено големо влијание на способноста и кредибилитетот на сведоците, бидејќи истата придонесува за понатамошна виктимизација на жртвата, ја изложува на заканувачки состојби и слично. Поради тоа, чл.293 од ЗКП нагласува дека во одредени случаи е можно сведокот да даде изјави и да сведочи пред судот, доставувајќи му пишана копија од неговото сведочење без негов потпис заради заштита на идентитетот на обвинетиот и на неговиот адвокат, кој пак на ист начин може да постави прашања[47].

Но, донесувањето пресуди врз основа на анонимно сведочење може, исто така, да значи прекршување на правото за фер судење на обвинетиот, што и се покажа во одредени случаи пред Европскиот суд за човекови права. Така на пример, во случајот *Saidi v France* [48] каде беше донесена пресуда против трговец со дрога, која беше базирана на изјава дадена од анонимен сведок, Судот изјави:

Сведочењето поради тоа, беше единствена основа за обвинување на тужениот, бидејќи е единствен доказ дека тој го извршил делото за кое му се суди. Засега, нити во фазата на истрагата, нити пак за време на судењето, обвинетиот не беше во можност да го испита, нити пак го испита сведокот. Недостатокот од соочување на некој начин му оневозможи фер судење. Судот е целосно свесен за неспорните тешкотии во борбата против трговијата со дрога-особено во однос на наоѓањето и изведувањето докази и за општествените штети предизвикани од проблемот со дрога, но ова не смее да овој степен да ги ускрати правата на одбраната на „секој против кого има кривично обвинение"[49].

Друг сличен случај е *Ludi v Switzerland* [50] каде пресудата беше донесена врз основа на сведочење од двајца анонимни сведоци. Во овој случај, ЕСЧП, исто така, истакна дека неможноста на одбраната да го испрашува сведокот, го нарушила правото на фер судење[51].

Како и да е, значајно е да се нагласи дека Судот донел и пресуди спротивни на горе споменатите, како на пример во случајот на Doorson v The Netherlans [52]. Во овој случај, Судот сметаше дека применетите постапки беа доволни за на одбраната да и се даде можност да ги испита анонимните сведоци[53]. Анонимните сведоци беа сослушани пред истражниот судија и во присуство на адвокатот на обвинетиот, кој можеше да поставува прашања преку судијата.

Поради ова, а согласно чл.293 од ЗКП, значајно е за судот да создаде правична рамнотежа помеѓу заштитата на правата на жртвите од трговијата со луѓе во улога на сведоци, а притоа да не го наруши правото на фер судење на обвинетиот. Оттука, иако не е едноставно да се направи остра граница помеѓу она каде едното завршува, а каде другото почнува, неопходно е да се преземат сите мерки за да и се овозможи на одбраната да го испрашува сведокот, независно дали ова ќе се одвива преку судијата, но и да се овозможи заштита на идентитетот на жртвата, вклучувајќи го овде и нејзиното право на безбедност и право на слобода од тортура и нечовечки

---

[47] Saidi v France 14647/89 (1993) ЕКЧП 39 (20 септември)
[48] Saidi v France 14647/89 (1993) ЕКЧП 39 (20 септември)
[49] Saidi v France 14647/89 (1993) ЕКЧП 39 (20 септември)
[50] *Ludi v Switzerland (1992)* IIHRL 25 (15 јуни 1992)
[51] *Ludi v Switzerland (1992)* IIHRL 25 (15 јуни 1992)
[52] Doorson v The Netherlans 20524/92 (1996) ЕКЧП 14 (26 март 1996)
[53] Doorson v The Netherlans 20524/92 (1996) ЕКЧП 14 (26 март 1996)

или понижувачки третман или казнување а понекогаш дури и нејзиното право на живот.

За илустрација, во РМ имаше случај во кој пет лица „тргувале" со жени од Молдавија и Бугарија поради експлоатација преку проституција, во кој судијата пресуди според сведочењата на жртвите дадени пред истражен судија и во присуство на адвокатот на обвинетиот, без притоа да се прекрши правото на обвинетата странка да се брани[54].

Покрај можноста за анонимност, ЗКП ја предвидува и можноста за исклучување на јавноста поради заштита на правата на жртвата[55].

**Заклучок**

Во РМ е направен првиот чекор во областа на заштитата на сведоците и овозможување фер судења, но потребно е дополнително разјаснување на некои одредби. Тешко е да се каже како ова ќе функционира во реалноста, бидејќи се работи за нов закон и за непостоење на вообичаените емпириски анализи за кои на овој систем му се потребни неколку години.

---

[54] Случај цитиран во Владимир Жиков и Штерјо Наков, Кон прирачникот за јавните обвинители во судењето на криминалот на трговијата со луѓе, IOM, Мисија во Скопје, во соработка со Здружението на јавни обвинители во Република Македонија,2005.

[55] Член 280, Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, бр. 15 од 7.3.2005



**Д-р Трајче Витанов**
Адвокат од Струмица

# ОПШТ ПРЕГЛЕД НА МАКЕДОНСКИТЕ СЛУЧАИ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Република Македонија со ратификувањето на Европската kонвенција за човековите права и основни слободи на 10. 4. 1997 година се обврзува истата да ја почитува, инкорпорира во внатрешното законодавство и нормално да ја спроведува во практиката.

Начелата за правично судење се содржани во чл. 6 од Европската конвенција за човековите права од кои повеќето од нив се веќе составен дел од националното право и практика на Р. Македонија, односно судовите во Р. Македонија, со инкорпорирањето на овие начела, во своето законодавство се истовремено и одговорни за обезбедување на сите аспекти при делењето на правдата, сето тоа во согласност со стандардите на оваа конвенција.

Имајќи ги предвид одредбите од чл. 6 од Европската конвенција за човекови права, јасно може да се види гаранцијата за правото на правично судење при определувањето на индивидуалните граѓански права и обврски, како во граѓанското право, така и во кривичното право. Имено, правото на правично судење треба да има примарно место како во граѓанската, кривичната, така и во другите постапки пред државните органи.

Членот 6 од Европската конвенција за човекови права често пати се толкува од Европскиот суд за човекови права во неговата судска практика. Судот нема да го прифати разгледувањето на жалбата доколку не се искористени сите правни лекови на внатрешното право, што значи сите случаи на наводи дека се работи за повреда на чл. 6, ќе мора претходно да биле во постапка до највисоката инстанца на решавање на националниот суд. Но, треба да се има предвид и фактот што Европскиот суд за човекови права воопшто нема да ја утврдува повредата на чл. 6 доколку утврди дека постапката (граѓанска, кривична или управна), разгледана во целина, била правична, со оглед на тоа што повисокиот суд можел да ги исправи грешките на пониските судови. Во таа смисла, следува и заклучокот дека судиите од пониските судови се придржуваат на стандардите од Конвенцијата, доколку се „погрешно" убедени поради тоа што определена процедурална грешка не била утврдена како повреда на Конвенцијата од страна на Европскиот суд при одлучувањето, затоа што истата повреда била коригирана од повисокиот суд . Затоа судијата од пониските судови не смее да се потпира на можноста дека повисокиот суд е должен да ги исправува грешките во процесната постапка, туку напротив, тој својата функција како судија треба да ја врши совесно, одговорно, професионално и дисциплинирано , поради што е одговорен да ги обезбеди стандардите од чл. 6 од Конвенцијата во постапката. Секој

судија имајќи го чувството на материјална, социјална, правна, физичка и лична сигурност, во почетокот на постапката на судењето треба самиот да се потсети на обврската за почитување на гаранциите кои произлегуваат од чл. 6 од Конвенцијата. Особено во кривичната постапка, судијата мора да обезбеди обвинетиот соодветно да е застапуван, обезбедувајќи соодветни услови за обвинетиот при водењето на постапката обвинетиот има право на одбрана и судијата е должен да му го гарантира тоа право, во спротивно да одбие да го продолжи судењето.

Судијата има одговорност да обезбеди дека се почитува начелото на еднаквост на странките. Имено секоја странка мора да има разумна можност за ианесување на својот случај. Судот е должен да ја запознае странката со доказите во постапката, како би можела да даде одговор и коментар за нивното постоење, содржина и веродостојност.

Доколку имаме случај во кривичната постапка , на судењето да не се појави обвинителот, а судијата продолжи со судењето само врз основа на податоците од досието на обвинителот, тогаш во овој конкретен случај не може да се зборува за повреда на одредбите од Конвенцијата, но ќе претставува неприфатлива практика што би можела да продуцира негативни ефекти. Имено, како најпрво, одбраната нема можност во текот на судењето со поставување на прашања да ги отвори сите делови од досието на обвинителот. Токму од тие причини судијата мора да обезбеди дека обвинетиот е детално информиран за обвинението. Понатаму, судијата мора да ја информира одбраната до какви заклучоци доаѓа врз основа на досието на обвинителот. Понатаму, судот е одговорен да ја определи прифатливоста на доказите. Затоа се наложува потребата на судот при примената на одредбите од Законот за кривична постапка тие да се применуваат на начин кој ќе биде конзистентен со судската практика на Европскиот суд за човекови права во согласност со Конвенцијата.

Исто така, судот има одговорност во врска со тоа дека се обезбедени соодветни преведувачки услуги.

Судот има одговорност и кога треба да се обезбеди и зачува презумпцијата на невиност. Оваа е собено кога медиумите покажуваат интерес за одреддеден процес и треба да се спречи негативното покривање на настанот од нивна страна. Во таа смисла, судот треба наместо целосно да ги исклучи медиумите, да донесе мерки, наредби, со кои јасно ќе определи што може медиумите да продуцираат, а што не.

Важно начело во овој редослед на одговорности на судството спаѓа и неговата одговорност за извршување на пресудата. Имено, присутна е одговорноста на државните органи, овластени за извршување, да обезбедат извршување на пресудите. Но, доколку оваа надлежност во рамките на правниот систем не му е доделена на друг државен орган, тогаш надлежноста за извршување на пресудата му припаѓа на судот.

Инаку гаранциите предвидени во чл. 6 од Конвенцијата, не се применуваат само на судските постапки. Тие гаранции се применуваат како пред, така и по судската постапка. Имено во преткривичната постапка, во полициската постапка, исто така, се применуваат горенаведените гаранции предвидени со чл. 6 од Конвенцијата. Оваа Конвенција се применува и врз постапките на Уставниот суд, доколку резултатите од тие постапки се од директно влијание врз граѓанските права и обврски. По судењето, се однесува на извршната постапка за извршување на пресудата.

### а) ГРАЃАНСКИ ПРАВА И ОБВРСКИ

При определувањето на неговите граѓански права и обврски, членот 6. од Конвенцијата, на секој човек му гарантира право на правично судење. Треба да се има предвид дека концептот на граѓански права и обврски е автономен и не може да се толкува само преку националното право на одговорната држава. Како ќе се определи тоа право во националното право, не е од одлучувачки карактер, но резултатите од постапката имаат одлучувачко влијание врз приватно-правните права и обврски.

## СПЕЦИФИКИ, НАЈЧЕСТИ ПОВРЕДИ И ИДНИ ПЕРСПЕКТИВИ

Заклучно со 31. 12. 2006 година, Владиниот агент на Р.Македонија постапувал по вкупно 76 предмети по поднесени жалби до Европскиот суд за човекови права, за наводни повреди на правата и слободите предвидени со Европската конвенција за човекови права и слободи од страна на граѓаните на Р Македонија. Од нив 29 предмети се пристигнати во 2006 година.

Од споменатите 76 предмети до 31. 12. 2006 година се завршени 27, а 49 остануваат во постапка пред Европскиот суд за човекови права. Од завршените 27, одлуките по 12 од нив пристигнуваат во 2006 година. Тука се работи за релативен податок од аспект на вкупниот и пресуден број на поднесени жалби против Р. Македонија. Посебна е процедурата за допуштеноста на жалбата со оцена на Европскиот суд и одговорноста на Владата по однос на фактот на прифатливоста и основаноста на жалбата. Во последните години, драстичен е порастот на жалбите на граѓаните против Р. Македонија пред судот за човекови права. Се работи за значителен пораст од 93%, во однос на вкупниот број предмети доставени претходната година.

Во јануари 2006 година била одржана една јавна расправа пред Европскиот суд за предмет против Р. Македонија, за случајот Јашар, и една која била одложена за предметот Солаков 2001 год.

Од 12 завршени предмети во текот на 2006 година со 7 пресуди е констатирана повреда на човековите права, во една се констатира дека нема повреда на правата загарантирани со Конвенцијата, а во преостанатите 4 предмети Европскиот суд донесува одлука со кои жалбите ги прогласува за недопуштени.

Детални информации по однос на завршените предмети пред Европскиот суд, заедно со пресудите и одлуките се доставени до Владата на Р. Македонија и за истите од страна на Владата на Р. Македонија се донесени следните заклучоци:

1. Со заклучок бр 19-2927/1 од 23. 4. 2006 година е усвоена информацијата за пресудите во врска со следните случаи:

- Милошевиќ против РМ (парничен предмет) во кој со пресуда од 20.4.2006 година е констатирана повреда на правото на судење во разумен рок од чл. 6 ст. 1 од Конвенцијата;

- Костески против РМ (парничен предмет), предмет во кој со пресуда од 13. 4. 2006 година се утврдува дека нема повреда на правото на слобода на вероисповест од чл. 9 од Конвенцијата и забраната за дискриминација од чл. 14 од истата.

2. Со заклучок бр 19-4135/1 од 8. 11. 2006 година се усвојува информацијата за пресуди донесени во врска со следните случаи:

- Костовска против РМ (парничен предмет), предмет во кој со пресуда од 15. 6. 2006 година е констатирана повреда на правото на судење во разумен рок од чл. 6 ст. 1 од Конвенцијата.

- Ризова против РМ (парничен предмет) во кој со пресуда од 6.7.2006 година се констатира повреда на правото на судење во разумен рок по чл. 6 ст. 1 од Конвенцијата,

- Личков против РМ (парничен предмет) во кој со пресуда од 28.9.2006 година се констатира повреда на правото судење во разумен рок по чл. 6 ст.1 од Конвенцијата

3. Со заклучок бр 19-6626/1 од 9.1.2007 година е усвоена информацијата за пресуди донесени во врска со следните предмети:

- Арсов против РМ (парничен предмет) во кој со пресуда од 19.10.2006 година е констатирана повреда на правото на судење во разумен рок

- Маркоски против РМ (парничен предмет) во кој со пресуда од 2.11.2006 година Европскиот суд констатирал повреда на правото на судење во разумен рок

-МЗТ Леарница АД против РМ (парничен предмет) во кој со пресуда од 30. 11. 2006 година е констатирана повреда на правото на судење во разумен рок.

Заклучно со 31. 12. 2006 година РМ имала обврска да исплати 14.500 ЕУР на име оштета врз основа на повреда на правата од Конвенцијата за човекови права, односно поконкретно за повредата на правото на судење во разумен рок.

Последните три пресуди сѐ уште не се конечни.

Во 2006 година Европскиот Суд донел 4 (четири) конечни одлуки за недопуштеност на жалбата по предметите: Дабиќ, Лилковски, Мојтиновски и Милтеновиќ.

Анализите на предметите комуницирани досега до Владиниот агент укажуваат на тоа дека најголемиот број на жалби пред Судот се однесуваат на граѓански предмети.

Заклучно со 31. 12. 2006 година, кај Владиниот агент се водат 49 предмети, кои сѐ уште се во постапка пред Европскиот суд за човекови права.

Најголемиот број на предмети кои се во тек пред Европскиот суд, 70%, односно 34 од вкупно 49 активни предмети, се од сферата на граѓанското право. Десет од вкупно 49 -те активни предмети или 20% се од сферата на на кривичното право. Само 10%, односно 5 од вкупно 49 предмети се од сферата на управното право.

Општ заклучок од овие анализи е дека Р. Македонија има системски проблем кој доведува до повреда на специфични човекови права утврдени со членот 6 ст. 1 од Конвенцијата . Акцентот на повредите е на правото на судење во разумен рок.

Имајќи го предвид фактот дека 87% од пресудите донесени во 2006 година се однесуваат токму на повреда на правото на судење во разумен рок , се наметна потребата од наоѓање решение за овој проблем преку анализа на слабостите во системот на процедуралните закони. Од тие причини, на предлог на Владата, Собранието на РМ усвои низа генерални мерки за намалување на повредите на оваа право преку едукации во правосудниот систем.

Акцентот на измените во процесните закони во домашната легислатива се состои во зголемувањето на ефикасноста и намалување на времетраењето на постапките. Така со измените на ЗПП и ЗКП е создадена можност за повторување на постапката пред домашните судови во случај на пресуда на Европскиот суд со која е констатирана повреда на човековите права и слободи. Понатаму, со донесувањето на новиот Закон за извршување, донесената правосилна одлука веднаш станува извршна исправа. Оваа значи дека нема можност за одолговлечување на извршувањето преку користење на правни лекови, што во голема мера ја зголемува ефикасноста во

системот на судството и е во согласност со ставот на Европскиот суд дека извршувањето претставува интегрален дел од една судска постапка и не може да се разгледува одвоено. Членот 6, ст. 1 од Конвенцијата, утврдувајќи го правото на разумен рок при решавањето на предметите , се однесува подеднакво на сите фази од постапката и не ги исклучува фазите по донесувањето на мериторната пресуда во која спаѓа и извршувањето .

Со оглед на тоа дека најголемиот број на апликации пред Европскиот суд што го имаат поднесено нашите граѓани се однесуваат на институтот -правото на судење во разумен рок, нашиот законодавец презеде низа генерални мерки со единствена цел: превенција во поглед на повредата на правата, согласно со Европската конвенција, со што ќе се минимизираат системските проблеми по однос на повредата на правото на судење во разумен рок, преку негова директна заштита пред домашните судови.

Со цел да се имплементира препораката на Европскиот совет за зголемување и подобрување на правните лекови во внатрешното право, се донесе новиот Закон за судовите кој почна да се применува од мај 2007 година, со кој е отворена можноста граѓаните да бараат директна заштита на правото на судење во разумен рок пред домашните судови.

### а) СТРУКТУРА И КАРЕКТЕРИСТИКИ НА ДОСЕГА ПОДНЕСЕНИТЕ ЖАЛБИ ПРОТИВ Р. МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД

Поради недоволната информираност на граѓаните во однос на обемот на надлежностите и пропишаната процедура пред Европскиот суд, како и поради недоволното познавање на Конвенцијата кај правничката јавност во Република Македонија, жалбите поднесени до Европскиот суд во најголем број се отфрлаат како недозволени и тоа најчесто поради непочитување на некои од формалните критериуми за дозволеност на жалбата, утврдени со Конвенцијата, или пак поради очигледна неоснованост, што пак е предмет на оценка на Судот за секој одделен случај.

Европскиот суд во голем број на случаи бара Владата на Р. Македонија да се произнесе и по предмети кои се дозволени и основани во фазата на постапката пред Европскиот суд. За жал, во својата одбрана, за голем број на такви предмети Владата се произнесува како за недозволени.

Исто така, по жалбите поднесени до Европскиот суд, кај адвокатската професија, односно адвокатите, постои став дека Европскиот суд за човекови права претставува касационен суд во однос на домашното судство. Со други зборови, сè уште владее мислење дека Европскиот суд претставува четврта инстанца, па од него се бара да се впушти во оцена и изведувањето на доказите, односно да се впушти во мериторно одлучување на предметите , особено во граѓанската материја.

Според одредбите на Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор, со кој определен број на европски земји се обврзуваат на почитување на определени основни човекови права, Европскиот суд не е надлежен да се занимава со погрешно утврдени факти или за наводна погрешна примена на материјалното право од страна на домашните судови, освен и само доколку тие може да ги загрозат правата и слободите загарантирани со Конвенцијата. Токму по оваа основа се и најголемиот број на жалби од страна на македонските граѓани, а кои Европскиот суд веднаш ги прогласува за недопуштени, без притоа за истите да ја извести Владата на Р. Македонија. Инаку по определен број на предмети

Судот ја прогласува жалбата во претежниот дел за недопуштена, а останува да одлучува само за едно или две права загарантирани со Конвенцијата.

Во најголем дел од случаите, Апликантите бараат од Судот да пресуди за надомест на материјална и нематеријална штета и трошоци по постапката, во висина на тужбените барања пред домашните судови, за кои сметаат дека таквата висина им е ускратена. Меѓутоа, според својата надлежност, Европскиот суд воопшто не се впушта во проценувањето на одлуката на домашниот орган, туку секогаш се задржува само на утврдувањето дали во постапката е повредено определено право загарантирано со одредбите на Конвенцијата за човекови права. Затоа надоместокот за правична оштета се досудува на име оштета заради повреда на правата од Конвенцијата.

# СОДРЖИНА

**ИНФОРМАТИВЕН ДЕЛ**

52 ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ... 6

СООПШТЕНИЕ ЗА СРЕДБАТА СО БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ ........................................... 8

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ОД МАЈ 2006 ДО МАЈ 2007 ГОДИНА ........................................................................................................ 10

ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ............................................... 22

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИСЦИПЛИНСКИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈУНИ 2006 – АПРИЛ 2007 ГОДИНА ............................................... 24

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИСЦИПЛИНСКИОТ СУД НА АКРМ ЗА ПЕРИОДОТ ОД МАЈ 2006 ДО 30 АПРИЛ 2007 ГОДИНА .......................................... 27

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ НА АКРМ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУНИ 2006 ДО 30 АПРИЛ 2007 ГОДИНА ...................................... 29

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31.12.2006 СО ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ............................................................ 31

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА АКРМ ............................................................ 35

КОДЕКС ЗА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА АДВОКАТИТЕ, АДВОКАТСКИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, И АДВОКАТСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ................................................ 39

ЛОГОТО НА АКРМ ВО РАЦЕТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АДВОКАТСКА КОМОРА НА АМЕРИКА г-ѓа КАРЕН МАТИС ............................................ 46

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССВЕ, г. КОЛИН ТАЕР И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА - UIA, г. ПАУЛО ЛИНС Е. СИЛВА ............................................... 47

ДОПИС ОД ПАУЛО ЛИНС Е. СИЛВА ........................................................................... 48

ПОЧЕСНА ПЛАКЕТА НА СВЕТСКАТА УНИЈА НА АДВОКАТИ ........................................ 50

**СТРУЧЕН ДЕЛ**

ЗЛАТ МИЛОВАНОВИЌ
ОД НИРЕМБЕРГ ДО МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД (ICC):
АЛКА КОЈА НЕДОСТАСУВА И СЛУЧАЈ НА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ...................................... 54

СВЕТОМИР ШКАРИЌ
АДВОКАТОТ МАХАТМА ГАНДИ ................................................................................... 59

МИЛАН МИЛОШЕВИЌ
ПОСЕБНИ ДОКАЗНИ ПОСТАПКИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ
ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ................................................................................. 67

ИСМАИЛ ЗЕЈНЕЛИ
БИСТРА НЕТКОВА
ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ЗАШТИТАТА И ПОМОШТА НА ЖРТВИТЕ
ОД ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................... 73

ТРАЈЧЕ ВИТАНОВ
ОПШТ ПРЕГЛЕД НА МАКЕДОНСКИТЕ
СЛУЧАИ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ............................................. 79